| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплемента ција** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите** |
| 1.Изработка на план за идни активности за соработка со субјекти од локалната заедница. | Да се поттикне систематска и континуирана соработка помеѓу трите клучни | директор, Живка Радичевска, Рада Гроздановска | 02.10.2024 Октомври континуиран о секоја година | комјутерска опрема, интернет | Рада Гроздановска директор | План на идни активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Одбележување на Меѓународен ден на ненасилство со низа активности<br><br>*Предавање “Штени последици од користење на пиротехнички средства”.<br><br>*Работилница Крени глас-СТОП за булинг | чинители училиштето, родителите и локалната заедница со цел превенција на насилството, зајакнување на довербата и обезбедување безбедна и поддржувачка средина за сите ученици.<br><br>*Да се шири пораката на ненасилство, преку образование и подигнување на јавната свест, обезбедување на култура намир, толеранција и разбирање со цел да се зголеми свеста кај младите.<br><br>*Превентивна кампања од користење пиротехника Влијание на свеста од употреба на пиротехника и | *Општина Бутел ООУ “Ацо Шопов” Скопје Предметен наставник Весна Додевска | *02 .10. 2024 | *комјутерска опрема, интернет | | *слики<br><br>*слики |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.Изготвување на барања за соработка со надворешни стручни лица и институции од локалната заедница (општина Бутел, СВР – Скопје, Центар за јавно здравје ЈЗУ, Психијатриска болница Бардовци, Ценар за лекување на зависности). | ризици од истата.<br><br>*Поголема информираност Препознавање на знаците и методи за спречување на врсничкото насилство, влијанието на набљудувачите како и за методите преку кои може да се работи на градење на самодоверба кај дечињата.<br><br>2.Превенирање и идентификување на насилството помеѓу учениците кое се јавува во различни облици помеѓу учениците од сите возрасти. | *Претставници од МВР Чаир<br><br>*Општина Бутел, Психолози од основни училишта, наставници Општествено одговорна кампања на Макпетрол<br><br>2.Педагог, специјален рехабилитатор и едукатор СВР- Скопје, Центар за јавно здравје, | *декември 2024<br><br>*14 април 2025<br><br>2.20.09. 2024 | *комјутерска опрема, интернет, хартија<br><br>*комјутерска опрема, интернет, хартија<br><br>2.комјутерска опрема, интернет, хартија | 2.директор, Живка Радичевска, педагог | *Слики на веб страна https://www.facebook.com/share/p/1C7d3EoiRa/?mibextid=wXIfr<br><br>2.Барања за соработка Министерство за внатрешни работи-Скопје ПСОН Чаир (Архивски број 03-446/1 20.09.2024) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ЈЗУ- Психијатриска болница Бардовци, Стручни родители, Центар за лекување на зависности | | | | |

| Стратешка цел 2. Осовремување на наставните и вонnаставните активности. | | | |
|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1 Обновување и збогатување на материјално – техничките средства.** | | | |
| **Реализирано** | **Време на реализација** | **Инструменти** | **Нереализирано** |
| 1.Анкетирање на наставниот кадар за добивање на поконкретни податоци за потребните материјали<br><br>2.Проверка на состојбата на печатачи и надгледните средства<br><br>3.Изработка на план за прибирање на потребни финансиски средства за набавка на материјално – технички средства.<br><br>4.Организирање на приредби, забави, спортски игри, изработка | септември 2024<br><br>септември 2024<br><br>септември 2024<br><br>тековно низ учебната година | Анкетни листови<br>Анализа на анкетите<br><br>Извештај од комисијата<br><br>План за прибирање на потребни финансиски средства<br><br>Записник од Советот на родители на ООУ „Ацо Шопов“, Скопје на ден 07.04.2025 г. и 05.12.2024 г.<br><br>Понуди за набавка на | 1. Барање донации од потенцијални донатори и институции за набавка на материјално технички средства и надгледни помагала |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на новогодишни и велигденски украси.<br><br>5.Набавка на потребните материјално - технички средства | мај 2025 | материјално – технички средства, фактури | |
| **Развојна цел 2.2 Зајакнување на компетенциите на наставниците за користење на online алатки и нагледни средства во наставата.** | | | |
| **Реализирано** | **Време на реализација** | **Инструменти** | **Нереализирано** |
| 1.Изработка на план за организирање на обуки за користење на online алатки<br><br>2.Организирање на стручни предавања во склоп на годишната програма на стручните активи на училиштето со цел размена на знаења<br><br>3.Реализација на отворени часови со цел примена на новите современи алатки<br><br>4.Аплицирање во проекти за подобрување на компетенциите за користење на online алатки | август 2024<br><br>тековно низ учебната година<br><br>тековно низ учебната година<br><br>октомври 2024 | Годишна програма за работа на стручен актив<br><br>Записници од стручни активи<br><br>Записници од стручни активи<br><br>Пополнета апликација за проектот на Светската банка за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес | |

### 7.1. План за евалуација на акциските планови

Со следење и формативна евалуација се проверува и утврдува дали акционите планови се остваруваат и се проценува успешноста на реализацијата на истите.

**Одговорен за следење** – директор, тим од наставници, стручни соработници, Ученички парламент, одговорен наставник за работа со Ученичкиот парламент, Ученичкиот правобранител, Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор.

**Критериум за успех** – Наставниците се максимално вклучени и насочени во остварувањето на целите кои произлегуваат од стандардите. Активности на учениците, редовно учество, постигнати резултати, доследност во спроведувањето на активностите.

Процедурите за следење вклучуваат: состаноци на кои се разговара за напредокот во однос на критериумот на успех, се издвојуваат и нагласуваат тешкотиите, се предлагаат мерки за решавање на настанатите проблеми. Со формални и неформални дискусии и разговори со реализаторите со цел да се добие повратна информација за текот и успешноста на реализацијата во однос успешна реализација или причината за одложување, доцнење, потребни ресурси и почитување на роковите .

**Инструменти** – Програма за работа на ученичкиот парламент; записници; анкета за родители; анкета за ученици; анкети за наставници,

**Индикатор за успешност** – Извештаи; записници; анализи на состојбата, самоевалуација.

**Повратна информација** – За сите активности кои се реализираат со акцискиот план училиштето изработува извештаи преку кои ја добиваме повратната информација за спроведеноста, ефикасноста и влијанието. Извештаите ги презентираме на состаноцоте на сите тела во училиштето: Наставнички совет, Совет на родители, Ученички парламент и Училишен одбор, а истите се содржани и во Годишниот извештај за работа на училиштето.

## 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА

### 8.1. Календар за организација на работата

ПРВО ПОЛУГОДИЕ 2024

СЕПТЕМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| II | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| III | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| IV | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| V | 30 | | | | | | |

ОКТОМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| II | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| III | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| IV | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| V | 28 | 29 | 30 | 31 | | | |

НОЕМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | 1 | 2 | 3 |
| II | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| III | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| IV | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 |
| V | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 1 |

ДЕКЕМВРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| II | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
| III | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| IV | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 |
| V | 30 | 31 | | | | | |

ВТОРО ПОЛУГОДИЕ 2025

ЈАНУАРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| II | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| III | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 |
| IV | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
| V | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 1 | 2 |

ФЕВРУАРИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| II | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| III | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| IV | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 1 | 2 |
| V | | | | | | | |

МАРТ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| II | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| III | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| IV | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| V | 31 | | | | | | |

АПРИЛ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| II | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| III | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| IV | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 |
| V | 28 | 29 | 30 | | | | |

МАЈ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| II | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| III | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| IV | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 |
| V | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 1 |

ЈУНИ

| | П | В | С | Ч | П | С | Н |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| II | 9 | 10 | | | | | |

| ЛЕГЕНДА |
|---|
| ПРАЗНИЦИ |
| ЗИМСКИ РАСПУСТ |
| ЛЕТЕН РАСПУСТ |

| | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 3 | 4 | 2 | 35 |
| ВТОРНИК | 4 | 5 | 4 | 5 | 2 | 4 | 4 | 5 | 4 | 2 | 39 |
| СРЕДА | 4 | 4 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 5 | 4 | 1 | 36 |
| ЧЕТВРТОК | 4 | 5 | 4 | 4 | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 1 | 36 |
| ПЕТОК | 4 | 3 | 5 | 4 | 2 | 4 | 4 | 3 | 5 | 0 | 34 |
| | 20 | 21 | 21 | 20 | 10 | 20 | 20 | 20 | 21 | 6 | 180 |

Празници:

8 Септември – Ден на независноста (недела)
11 Октомври – Ден на народното востание
23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба
8 Декември – Св. Климент Охридски
31 Март – Рамазан Бајрам
18 Април – Велики Петок, петок пред Велигден
21 Април – Втор ден Велигден
1 Мај – Ден на трудот
24 Мај – Св. Кирил и Методиј (сабота)
6 Јуни – Духовден, петок пред Духовден

**8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите**

На часот на одделенската заедница се разработуваат содржини за личниот и социо – емоционалниот развој на учениците според програма што ја утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието и други активности поврзани со паралелката.

| Р.бр. | Име и презиме | Предмет | Класно раков. | Р.бр. | Име и презиме | Предмет | Класно раков. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ивона Бојчева | Одд.наставник | 1а | 20 | Билјана Р.Стомнароска | Македонски јазик | 6а |
| 2 | Магдалена Андонова | Одд.наставник | 1б | 21 | Јасминка Михајловска | Математика | 6б |
| 3 | Татјана Јовевска | Одд.наставник | 1в | 22 | Билјана Јосимовска | Географија | 6в |
| 4 | Наташа Стојановска | Одд.наставник | 2а | 23 | Лиле Рабреновиќ | Физичко и здраствено образование | 7а |
| 5 | Светлана Л. Пислевска | Одд.наставник | 2б | 24 | Соња Алчевска | Хемија | 7б |
| 6 | Ирена Трајковска | Одд.наставник | 2в | 25 | Дарко Костенцов | Историја | 7в |
| 7 | Сашка Смилковска | Одд.наставник | 2г | 26 | Виолета Тевдовска | Англиски јазик | 7г |
| 8 | Силвана Ѓуровска | Одд.наставник | 3а | 27 | Валентина Зотевска | Англиски јазик | 8а |
| 9 | Живка Радичевска | Одд.наставник | 3б | 28 | Марија Димовска | Етика | 8б |
| 10 | Дијана Серафимовска | Одд.наставник | 3в | 29 | Дара Драгановска | Математика | 8в |
| 11 | Благица Јанковска | Одд.наставник | 3г | 30 | Александра Јорданоска | Македонски јазик | 8г |
| 12 | Билјана Трајаноска | Одд.наставник | 4а | 31 | Елена Златкова | Математика | 9а |
| 13 | Марина Станојковска | Одд.наставник | 4б | 32 | Виолета Тодоровска | Географија | 9б |
| 14 | Валентина Јоцевска | Одд.наставник | 4в | 33 | Весна Јакимовска | Физика | 9в |
| 15 | Елена Јешиќ | Одд.наставник | 4г | 34 | Весна Додевска | Македонски јазик | 9г |
| 16 | Златка Давиткова | Одд.наставник | 5а | | | | |
| 17 | Марија Ангелова | Одд.наставник | 5б | | | | |
| 18 | Александра Неделковска | Одд.наставник | 5в | | | | |
| 19 | Анета Андоновска | Одд.наставник | 5г | | | | |

## 8.3. Работа во смени

Училиштето работи во две смени, а наставата се реализира во адаптирани училници и кабинети по одредени предмети. Наставата за прва смена започнува во 07:30 часот, а за втора смена во 13:30 часот.

| Распоред на ѕвонење | | |
|---|---|---|
| 1 | $07^{30}$-$08^{10}$ | $13^{30}$-$14^{10}$ |
| 2 | $08^{15}$-$08^{55}$ | $14^{15}$-$14^{55}$ |
| 3 | $09^{15}$-$09^{55}$ | $15^{15}$-$15^{55}$ |
| 4 | $10^{00}$-$10^{40}$ | $16^{00}$-$16^{40}$ |
| 5 | $10^{45}$-$11^{25}$ | $16^{45}$-$17^{25}$ |
| 6 | $11^{30}$-$12^{10}$ | $17^{30}$-$18^{10}$ |
| 7 | $12^{15}$-$12^{55}$ | $18^{15}$-$18^{55}$ |

## 8.3. Јазик / јазици на кој / и се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 34 | | | | |
| Број на ученици | 781 | | | | |
| Број на наставници | 54 | | | | |

## 8.4. Проширена програма

Нашето училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на наставата, во согласност со родителот.
Одговорни наставници кои ја реализираа проширената програма еден час пред и еден час по наставата беа:

| Одговорен наставник | Време на реализација |
|---|---|
| Живка Радичевска | Прва недела во месецот - понеделник |
| Дијана Серафимовска | Прва недела во месецот - вторник |
| Силвана Ѓуровска | Прва недела во месецот - среда |
| Благица Јанкова | Прва недела во месецот - четврток |
| Наташа Стојановска | Прва недела во месецот - петок |
| Светлана Латиновска Пислевска | Втора недела во месецот - понеделник |
| Ирена Трајковска | Втора недела во месецот - вторник |
| Сашка Смилковска | Втора недела во месецот - среда |
| Ивона Бојчевска | Втора недела во месецот - четврток |
| Магдалена Андонова | Втора недела во месецот - петок |
| Татјана Јовевска | Трета недела во месецот - понеделник |
| Златка Андонова | Трета недела во месецот - вторник |
| Марија Ангелова | Трета недела во месецот - среда |
| Александра Неделковска | Трета недела во месецот - четврток |
| Анета Андоновска | Трета недела во месецот - петок |
| Билјана Трајаноска | Четврта недела во месецот - понеделник |
| Марина Станојковска | Четврта недела во месецот - вторник |
| Валентина Јоцевска | Четврта недела во месецот - среда |
| Елена Јешиќ | Четврта недела во месецот - четврток |
| Александра Ѓорѓиевска | Четврта недела во месецот - петок |
| Настасја Давитковска | Петта недела во месецот - понеделник |
| Јане Карајованов | Петта недела во месецот - вторник |
| Никола Арсов | Петта недела во месецот - среда |

За време на продолжениот престој во кој се вклучени ученици од различни паралелки и одделенија, учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно – уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно Упатство подготвено од страна на Бирото.

| Наставен јазик | Продолжен престој (чиста) | | | Продолжен престој (комбинирана) | |
|---|---|---|---|---|---|
| | групи | ученици | наставници | групи | ученици |
| Македонски | 2 | 41 | 2 | 1 | 30 |

## 8.5. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

## 8.6. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| Странски јазик | Број на паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| Англиски јазик | 34 | 781 |
| Германски јазик | 15 | 260 |
| Италијански јазик | 7 | 101 |

## 8.7. Реализација на физичко и здраствено образование со учениците од прво до петто одделение

Часовите по физичко и здраствено образование со учениците од прво до петто одделение беа реализирани од страна на одделенските наставници со тандем наставници по физичко и здраствено образование и тоа:

| Име и презиме на тандем наставник | Одделение |
|---|---|
| Никола Арсов | 4а, 4б, 4в, 4г, 3а, 3б, 3в |
| Јане Карајованов | 1а, 1б, 1в, 5а, 5б, 5в, 5г |
| Дамјан Донев | 2а, 2б, 2в, 2г, 3г |

## 8.8. Изборна настава

Со изборните предмети во основното училиште на учениците им се дава можност да ги прошируват и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности. Оваа настава е задолжителна, а ја следат ученици кои се изјасниле на претходно направена анкета.

Во училиштето се реализираше изборна настава по следните предмети:

| Р.бр. | Изборен предмет | Наставник I пол. / II пол. | Неделен број на часови | Одделение |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Математичко – логичко разм. | Билјана Трајановска | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 2 | Цртање, сликање, вајарство | Марија Ангелова | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 3 | Танци и народни ора | Елена Јешиќ | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 4 | Оригами | Марина Станојковска | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 5 | Готвење | Златка Давиткова | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 6 | Емоционална писменост | Валентина Јоцевска | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 7 | Шах | Александра Неделковска | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 8 | Одбојка | Анета Андоновска | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 9 | Фудбал | Никола Арсов | 2 | Мешана група од 4 и 5 одд. |
| 10 | Заштита на животна средина | Радица Милковска Станковска | 2 | 6а, 6в, |
| 11 | Имам права | Нина Дуковска<br>Теодора Мијова | 2 | 6а, 6б |
| 12 | Театар, уметност на емоции | Рада Гроздановска | 2 | 6б, 6в, 7б, 7в |
| 13 | Готвење | Радица Милковска Станковска | 2 | 7а, 7г |
| 14 | Финансиска писменост | Јасминка Михајловска | 2 | 7а, 7г |
| 15 | Справување со катастрофи | Радица Милковска Станковска | 2 | 7б, 7в |
| 16 | Проекти од ликовната уметност | Димко Спироски | 2 | 8а, 8в |
| 17 | Нашата татковина | Виолета Тодоровска | 2 | 8б, 8г |
| 18 | Изборен спорт | Лиле Рабреновиќ | 2 | 9а |
| 19 | Проекти од информатика | Нина Дуковска<br>Теодора Мијова | 2 | 9б |
| 20 | Проекти од музичката уметност | Елена Наумовска | 2 | 9в |
| 21 | Истражување на родниот крај | Билјана Јосимовска | 2 | 9г |

## 8.9. Дополнителна настава

За оние ученици за кои се оцени дека им е потребна неопходна дополнителна помош таа беше организирана и се изведуваше со еден час неделно за учениците од II до IX одделение. Истата е во склоп со Законот за основно образование и е задолжителна. Дополнителната настава се организираше за учениците кои имаат тешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Во дополнителната настава покрај образовните компоненти се работеше и на: изградување на работни навики, развивање на чувство за лична одговорност во работата, мотивирање за работа и постигнување на успех, социјално прилагодување и сл. Идентификацијата на учениците се изврши на основа на сознанија од претходната учебна година и совладувањето на содржините од наставните програми во тековното одделение. Во врска со тоа се воспостави и соработка со родителите кои се известени за потребата на неговото дете три дена однапред и се побара нивна согласност. Образовните групи за дополнителната настава се формираа во различни периоди, во зависност од времето кога се појавија одредени слабости кај одредени ученици по одредени предмети.

| Реализирани часови за дополнителна настава | | |
|---|---|---|
| **предмет** | **Број на ученици** | **Број на часови** |
| Македонски јазик | 127 | 302 |
| Англиски јазик | 57 | 108 |
| Италјански јазик | 4 | 9 |
| Германски јазик | 4 | 8 |
| Математика | 143 | 430 |
| Природни науки | 46 | 55 |
| Историја и општество | 19 | 21 |
| Општество | 19 | 10 |
| Музичко образование | 28 | 36 |
| Историја | 36 | 44 |
| Хемија | 18 | 25 |
| Географија | 16 | 72 |
| Физика | 17 | 24 |
| Ликовно образование | 10 | 21 |
| Физичко и здр. Образование | 26 | 46 |
| Етика | 5 | 9 |
| Граѓанско образование | 16 | 20 |
| Информатика | 8 | 13 |
| **Вкупно** | **599** | **1253** |

## 8.10. Додатна настава

Додатна настава се реализира со учениците кои постигнуваат посебни значителни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со ученици кои напредуваа во текот на редовната настава, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, учество на натпревари итн. Оваа настава се изведува со еден час неделно за учениците од I до IX одделение. Додатната настава ја реализираа сите наставници според

планот и програмата и во соработка со родителите на учениците.Содржините за додатната настава, главно се поспецифични за секој ученик. Во овој вид настава се применуваат индивидуални форми на работа, тандем, групни форми на работа и проектни активности. Идентификувањето и избирањето на учениците се изврши преку систематско следење, испитување и вреднување на развојните способности на секој ученик.

| **Реализирани часови за додатна настава** | | |
|---|---|---|
| **Предмет** | **Број на ученици** | **Број на часови** |
| Македонски јазик | 168 | 278 |
| Англиски јазик | 89 | 108 |
| Италјански јазик | 5 | 9 |
| Германски јазик | 2 | 8 |
| Математика | 127 | 369 |
| Природни науки | 121 | 100 |
| Историја и општество | 29 | 23 |
| Општество | 62 | 23 |
| Музичко образование | 32 | 36 |
| Историја | 36 | 44 |
| Хемија | 11 | 24 |
| Географија | 18 | 72 |
| Физика | 16 | 24 |
| Ликовно образование | 52 | 31 |
| Физичко и здр. Образование | 29 | 47 |
| Етика | 8 | 9 |
| Граѓанско образование | 16 | 20 |
| Информатика | 7 | 12 |
| **Вкупно** | **828** | **1246** |

## 8.11. Работа со надарени и талентирани ученици

Во училиштето се организира настава од еден час неделно со претходно изработени програми за работа со надарени и талентирани ученици. Надареноста по правило се однесува на високи постигнувања во областа на природни науки, физика, хемија, биологија, математика, македонски јазик, англиски јазик, германски јазик. Талентираноста се однесува на предметите во областа на уметностите, ликовно образование, музика, дизајн и спорт.

| Реализирани часови со надарени ученици | | |
|---|---|---|
| **Предмет** | **Број на ученици** | **Број на часови** |
| Германски јазик | 2 | 6 |
| Италјански јазик | 3 | 10 |
| Математика | 5 | 97 |
| **Вкупно** | **10** | **113** |

| Реализирани часови со талентирани ученици | | |
|---|---|---|
| **Предмет** | **Број на ученици** | **Број на часови** |
| Италјански јазик | 3 | 10 |
| Германски јазик | 2 | 6 |
| Математика | 3 | 36 |
| Музичко образование | 8 | 6 |
| **Вкупно** | **16** | **58** |

## 8.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Училишниот инклузивен тим изготви Годишна програма за учебна 2024/2025 година. За таа програма се направи и акциски план. Се формираше нов училишен инклузивен тим. Инклузивниот тим создава инклузија и поголем напредок на учениците со ПОП. Во училиштето оваа година идентификувани се вкупно 10 ученика. Во одделенска настава има 3 ученика од кои еден ученик е по модифицирана програма, еден ученик по ИОП по еден предмет и еден без ИОП, а во предметна настава 7 ученика се со ПОП и сите се по ИОП. Еден ученик е со телесна попреченост, еден ученик со АДХД, двајца ученика со аутизам, еден со детска епилепсија, тројца со лесна интелектуална попреченост од кои еден од нив е со надмината возраст. Останатите се со потешкотии во читање, разбирање на прочитаното, потешкотии во учење, потешкотии во одржување на внимание, потешкотии со говор и пишување и пресметување. Меѓу нив двајца се со лични асистенти, а четворица со образовни асистенти. Во текот на учебната година тимот за ИТУ (на ниво на ученик) и тимот на УИТ (на ниво на училиште) редовно одржување состаноци заради ревизија на програмите и целите што учениците требаше да ги постигнат, како и заради други воспитно – образовни потреби (адаптација и прифаќање од учениците и нивно успешно вклопување,начинот и методата на работа, новите чекори за одење преку Завод за рехабилитација на деца и младинци кои се упатуваат на проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост (МКФ). Дел од добиени финансиски средства од Светска Банка од добиен грант од проект се наменети за обезбедување на материјали, принтер во боја и луминатор за помош на наставници и стручни соработници за работата со учениците со ПОП. Беа направени консултации со родителите за мислење и согледување за целите дали се соодветни со можностите и потребите на ученикот и како истите поуспешно ќе ги реализира. Исто така беа направени разговори со раководителите на паралелките кои имаат ученици со ПОП со цел да се види дали учениците успешно се вклопуваат во средината со другите ученици,дали се прифатени, како се однесуваат и сл.заради поуспешно совладување на целите кои се поставени во ИОП и модифициранатa програма. Тимот исто така имаше постојана соработка со на работа со овие ученици. На крајот од учебната година еден ученик кој завршува 9то одд. доби информации околу запишувањето и изборот на средни училишта.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за училишен инклузивен тим**

## 8.13. Туторска поддршка на учениците

Во училиштето нема туторска поддршка на учениците.

### 8.14. Образовен медијатор

Улогата на образовниот медијатор е да помогне и презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно – образовниот процес на учениците. Задачите и одговорностите на медијаторот се: да работи со учениците; да соработува со училиштето; да работи и соработува со родителите и заедницата и да реализира редовни посети на терен и да работи со локалната самоуправа, граѓанскиот сектор и други институции и организации.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за образовен медијатор**

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Вонаставните активности преставуваат голема разноликост од активности кои овозможуваат да се подобри напредокот на ученикот од социолошко, психолошко и функционално гледиште. Тие на ученикот му овозможуваат да стекне нови навики, знаења и умеења и истите да ги примени во натамошниот животен раст и развој.

Во рамките на воспитно – образовната дејност во училиштето се организираат и се остваруваат разновидни воннаставни активности во согласност со развојните потреби и интереси на учениците и со нивното активно учество, со цел училиштето да стане место за социјализација на учениците и привлечна средина за учење.

Воннаставните активности придонесуваат за когнитивниот, социо – емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. Нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите / ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, Мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост.

Воннаставните активности се инклузивни и недискриминативни. Тие се достапни за сите ученици без оглед на полот / родот, етничката припадност, способностите, социо – економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех. Тие исто така овозможуваат развивање на интеркултурни компетенции кај учениците, ја овозможуваат соработката на училиштето со родителите и локалната средина.

Воннаставните активности можат да бидат:

- Краткотрајни воннаставни активности (излети и екскурзии, еднократни работилници, акции во училиштето или во заедницата)
- Подолготрајни воннаставни активности (секции, клубови)
- Проекти

**ПРИЛОГ Годишен извештај за воннаставни активности**

### 9.1. Училишен спортски клуб

Училиштето има континуирана соработка со локалната самоуправа како еден од главните услови за успешно и квалитетно реализирање на голем број активности во рамките на програмата на училиштето и имплементација на проекти.

Во текот на учебната 2024/2025 година се реализираа следните активности со спортскиот училишен клуб:

| Време на реализација | Активности | Ефекти | Учесници | Одделение | Број на ученици | Број на реализирани часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14.09.2024 | Учество на Државно првенство во пливање | Промовирање на спортските афинитети на учениците | Тим наставници по ФЗО | 4, 5 и 6 одд | 3 | 3 |
| 11.11.2024 | Недела посветена на спортски, рекреативни и забавн и активности ИГРИ БЕЗ ГРАНИЦИ | Развивање на натпреварувачки дух кај учениците, навивање и бодрење помеѓу себе. | Тим на наставници ФЗО | Сите оделенија од одделенска настава | | 4 |
| 15.11.2024 | Недела посветена на спортски, рекреативни и забавн и активности ОРИЕНТАЦИЈА ВО ПРОСТОР | Развивање на ориентацијата во просторот, развивање на снаодливоста и логичното размислување | Тим наставници по ФЗО | 1а, 1б, 1в и 1г | 89 | 4 |
| 21.11.2024 | Недела посветена на спортски, рекреативни и забавн и активности ЖЕНАТА ВО СПОРТОТ | Запознавање со успехот на Македонските спортистки во минатото и | Тим наставници по ФЗО | 5в | 25 | 1 |
| 28.11.2024 | Учество на Државно првенство во Шах | Промовирање на спортските афинитети на учениците | Тим на наставници по ФЗО | 6 одд | 1 | 4 |
| 19.12.2024 | Доделување на спортски ваучер | Развивање и унапредување на спортот | Тим на Училишен спортски клуб | | | |
| 25.12.2024 | Месец на лицата со попреченост | Развивање на инклузијата, вклучување на лицата со попреченост во спортски активности, развивање на емпатија | Тим на наставници по ФЗО | 3г, 3б, 4 а и 1в одд | | 4 |
| 27.12.2024 | Новогодишни игри без граници | Игри од забавен карактер за крајот на полугодието. | Тим наставници по ФЗО | Ученици од одделенска настава | | 4 |
| 22.02.2025 | Натпревар одбојка | Пријателски натпревар во | Тим наставниви по ФЗО | Ученици од | | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одбојка помеѓу ООУ „Ацо Шопов“ и ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ | | предметна настава | | |
| 13.03.2025 | Отворање на Спортско рекреативен центар Радишани | Развивање и унапредување на спортот | Тим наставници по ФЗО | Ученици од предметна и одделенска настава | | |
| 14.04-17.04..2025 | Хуманитарни спортски игри | Меѓуодделенски натпревари, развивање на хуманизмот | Тим наставници по ФЗО | Ученици од предметна настава | | 16 |
| 10.06.2025 | Активности во природа | Доближување на природата до децата, истражување на блиската околина на Училиштето, играње на стари народни игри | Тим наставници по ФЗО | 3г, 3б, 1а и 1в | 84 | 4 |

## 9.2. Секции

На почетокот на учебната 2024/2025 година учениците преку пополнување анкетен лист имаа можност да се запишат во една до две секции најмногу според своите лични интереси и афинитети, по што следеше распределба на членовите и формирање на групите од ученици, како и презентирање на програмите за работа од страна на секој наставник.
Во табела се дадени податоци за одговорниот наставник за секоја секција, бројот на членови на секцијата/одделнието на кое му припаѓаат и бројот на реализирани часови во текот на годината.

Одделенска настава

| УЧЕНИЧКА СЕКЦИЈА / КЛУБ | НАСТАВНИК | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ | БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ |
|---|---|---|---|
| Ликовна секција(2и3 )одделение | Наташа Стојановска | 22 | 36 |
| Ликовна секција(4и5 )одделение | Ирена Трајковска | 23 | 36 |
| Драмско-рецитаторска секција | Дијана Серафимовска | 15 | 36 |
| Драмско-рецитаторска секција | Александра Неделковска | 12 | 36 |
| „Друштвени игри (2и3 )одделение | Живка Радичевска | 24 | 36 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Друштвени игри(4и5 )одделение | Валентина Јоцевска | 22 | 36 |
| Математичка секција (2и3 )одделение | Силвана Ѓуровска | 21 | 36 |
| Математичка секција (4и5 )одделение | Анета Андоновска | 20 | 36 |
| Бон – тон | Златка Давиткова | 11 | 36 |
| Креативни работилници | Марија Ангелова | 15 | 36 |
| Информатичка секција 4 одделение | Билјана Трајановска | 14 | 36 |
| Информатичка секција (2,3,и 5) | Елена Јешиќ | 20 | 36 |
| Ритмичка секција (3и4 )одделение | Александра Ѓорѓиевска | 24 | 36 |
| Ритмичка секција(4 и 5) одделение | Марина Станојковска | 10 | 36 |
| Ритмичка секција 2 одделение | Светлана Л Пислевска | 14 | 36 |
| Спортска секција (2и3 )одделение | Сашка Смилковска | 22 | 36 |
| Спортска секција (3и4 )одделение | Благица Јанковска | 23 | 36 |
| Спортска секција ( 5 )одделение | Никола Арсов | 16 | 36 |
| Новинарска секција | Елена Ј Терзиевска | / | / |
| „Млади англичани“ | Настасја Давитковска | 14 | 36 |

Предметна настава

| УЧЕНИЧКА СЕКЦИЈА / КЛУБ | НАСТАВНИК | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ | БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ |
|---|---|---|---|
| Новинарска секција | Весна Додевска | 20 | 32 |
| Литературна секција | Билјана Ристоска Стомнароска | 4 | 36 |
| Драмско-рецитаторска | Александра Јордановска | 13 | 36 |
| Ликовна секција | Ване Ѓорговски | 4 | 32 |
| Спортска секција | Лиле Рабреновиќ | 23 | 32 |
| Спортска секција | Златко Богдановиќ | 12 | 36 |
| Информатика секција | Теодора | 5 | 12 |
| Математичка секција | Дара Драгановска | 2 | 36 |
| Математичка секција | Елена Златкова | 1 | 36 |
| Математичка секција | Јасминка Михајловска | 6 | 36 |
| Млади физичари | Весна Јакимовска | 1 | 36 |
| Англиски јазик-млади англичани | Виолета Тевдовска | 6 | 36 |
| Англиски јазик-млади англичани | Валентина Зотевска | 6 | 36 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Клуб на млади германисти | Весна Стојановска | 8 | 36 |
| Клуб на млади германисти | Даниела Ефтимова Стојановска | 5 | 6 |
| Биолошка секција | Маја Чубриноска | 18 | 32 |
| Млади хемичари | Соња Алчевска | 10 | 24 |
| Географска секција | Виолета Тодоровска | 6 | 36 |
| Географска секција | Билјана Јосимовска | 7 | 36 |
| Историска секција | Дарко Костенцов | 6 | 36 |
| Историска секција | Игор Бошковски | 2 | 16 |
| Етика кај младите | Марија Димовска | 3 | 30 |
| Италјански јазик | Радица Милковска | 3 | 5 |
| Природни науки | Соња Алчевска | 7 | 12 |
| Музичко образование | Димитар Димитров | 13 | 36 |

## 9.3. Акции

### 9.3.1. Подмладок на црвен крст

Друштвото на Подмладокот на Црвениот Крст има своја важност и задачи. Друштвото на ПЦК како здравствена и социјална воспитна организација во Основното училиште треба да го придонесува да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува младите да го пазат и унапредуваат своето здравје и околина, да ја развивање смисла за меѓусебна помош, солидарност, развивање меѓународно пријателство и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план, без оглед на национална и расна припадност, што треба да придонесе за зачувување на мирот во светот, да ги запознае учениците со задачите на Црвениот крст, за ублажување на последиците од вооружени воени судири и елементарни непогоди и да ги оспособува и тие да земат активно учество во реализацијата на такви акции и програми.

Подмладокот на Црвениот Крст односно тимот од ученици и наставници директно беа вклучени во организирање и спроведување на акции, предавањата, одбележувања на важни датуми од календарот на Црвениот Крст. Според календарот на Црвениот Крст се одбележаа и неколку поважни датуми како што се Неделата на детето, Недела на старите лица и забоздравствена заштита. Подмладокот на Црвениот Крст при нашето училиште изготви предавање и рекреативни активности и со тоа го одбележа Денот на здравјето како многу важен сегмент во зачувување на здравјето општо, како и предавања за срцево садови заболувања и предавања и вежби за правилно држење на телото и раздвижување при седење. Исто така оваа година се спроведе акција за донации на пренхранбени производи на ученици од социјално загрозени семејства со што се покажа хуманоста и емпатијата кај учениците и родителите во ова време на пандемија. Учениците учествуваа во проектот Промоција на хумани вредности каде активно земаа учество во разни драмски и изведбени активности за меѓуетничка толеранција.

| Активност | Време на реализација | Организатор | Целна група | Ефекти од активноста |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на тим за активности во областа на Црвениот крст | 1 – 9 септември | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Голем број на ученици покажаа интерес за членување во секцијата со што се формираше тим за активности во областа на Црвениот крст |
| Разгледување на програмата за работа | 16 септември | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Учениците се запознаа со програмата на Црвениот крст и активностите кои ќе се реализираат во текот на годината |
| Предавање за одржување на лината хигиена како превенција за заштита од заразни болести | 1 октомври | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Учениците се запознаа со потребата за одржување на личната хигиена како превенција за заштита од заразни болести |
| Недела на детето | 5 – 9 октомври | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска Валентина Јоцевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Учениците се потсетија на нивните правата и нивната заштита |
| Собирна акција за загрозени семејства | 16 октомври | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Хуманитарна акција за помош и поддршка на семејства од социјално – ранлива категорија од нашето училиште. Подигнување на свеста за солидарност и поддршка. |
| Недела на грижа на стари лица | 11 – 17 ноември | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Се подигна свеста кај учениците за старите лица, преку почитување и заштита на истите во овој период на пандемија како и потребата за грижа и помош на истите во домашни услови |
| Недела на зависности | 20 ноември | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Се подигна свеста кај учениците за зависностите и како да се заштитат од истите |
| Недела на забоздравствена заштита | 15 – 21 декември | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Сите ученици од предметна и одделенска настава | Се подига свеста кај учениците за одржување на оралната хигиена преку едукација за правилна нега на забите и редовна посета на стоматолог |
| Анализа на работата на ПЦК во училиштето-извештај | јануари 2024 | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Наставник и ученици од ПЦК | Учениците подготвија извештај за сработеното во орвото полугодие |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Превенција од грип и настинки – предавање | 21 јануари | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Одговорен наставник и ученици од ПЦК | Да се подигне свеста  за превенција од болести |
| Хигиена во средината во која живееме и работиме –предавање | 13 февруари | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Одговорен наставник и ученици одПЦК | Да се подигне свеста  за превенција од болести |
| Едукација за рециклирање и уредување на училишниот двор | 22 март | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Еко тим, насатавници и ученици од 1 – 9 одделение, родители, локална самоуправа | Да се поттикне свеста кај младите за зачувување на животната средина |
| Одбележување на 7ми Април светски ден на здравјето  со предавање за одржување на лината хигиена | 7 април | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Учениците од 6 до 9 одд | Да се подигне свеста кај маладите за своето и колективното здравје |
| Учество во женска трка Авицена | 14 април | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Наставници и ученици од ПЦК | Да се поттикне физичкото здравје |
| Учество во општински натпревар по прва помош | 30 април | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Наставници и ученици од ПЦК | Да се поттикне хуманоста |
| Одбележување на светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина | 8 мај | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Наставници и ученици од ПЦК | Да знае која е целта на Црвениот крст како организација |
| Излет во блиската околина | 23 мај | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Наставник и ученици од ПЦК | Да се поттикне свеста кај младите за здравиот начин на живот |
| ПХВ Говориме различно, разбираме исто | 2 јуни | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Наставник и ученици од ПЦК | Да се поттикне меѓуетничка толеранција |
| Крводарителска акција | 18 јуни | Одговорни наставници Валентина Зотевска и Александра Ѓорѓиевска | Наставници и родители | Да се поттикне свеста за важноста на крводарителството |

### 9.3.2. Детска организација

| Активност | Време на реализација | Организатор | Целна група | Ефекти од активноста |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на почетокот на учебната година за првачињата | 2.9.2024 | Раководителите на секциите и учениците кои се членови на секциите | Првачињата запишани во учебната 2024/25 година, директорот на училиштето Билјана Симоноска Антовска, градоначалникот на Општина Бутел г – дин Дарко Костовски и стручните соработници од општината, стручната служба и одговорните наставници на Детската оргнизација Марија Анѓелова и Валентина Јоцевска | Запознавање со наставникот, училиштето и другарчињата од паралелката. |
| Избор на раководство на Детската организација | 9.9.2024 | Одговорен наставник и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Развивање на свеста за избор на раководсво на Детската организација по демократски постапки. |
| Одбележување на ДЕТСКАТА НЕДЕЛА – Преку планирани активности учениците беа запознаени со правата на децата и беше презентирана Декларацијата за правата на децата.<br>Во текот на „Неделата на детето” беа изработувани ликовни и литературни творби и пароли со правата на децата.<br>На крајот на седмицата беше реализирана свечена приредба на која првачињата официално со заклетвата станаа членови на Детската организација. | 7 - 10.10.2024 | Раководителите на секциите и учениците кои се членовина секциите | Ученици од I до IX одделение | Откривање на правата и обврските на децата, остварување на правото секое дете да се изрази на свој начин со личните способности, желби и интереси. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 11 Октомври – Ден на народното востание | 10.10.2024 | Одговорни наставници и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Преку предавање и презентација учениците се запознаа со значењето на 11 Октомври – Ден на народното востание |
| Одбележување на 23 Октомври – Ден на Македонската Револуционерна Борба | 23.10.2024 | Одговорни наставници, одделенски раководители, ученици членови на секциите | Ученици од I до IX одделение | Учениците се запознаа со историското минато и значењето на Денот на Македонската Револуционерна Борба – 23 Октомври |
| Одбележување на 24 Октомври – Ден на ООН | 24.10.2024 | Одговорни наставници и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Откривање на улогата и значењето на ООН |
| Запознавање на учениците со резултатите од отворен повик за избор на ученик правобранител и негови заменици и избраниот ученик правобранител преку соопштение | 25.10.2024 | Одговорни наставници и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Запознавање на учениците со резултатите од избор на ученик правобранител и негови заменици и избраниот ученик правобранител |
| Одбележување 31 Октомври – Меѓународен ден на штедењето | 31.10.2024 | Одговорен наставник и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Создавање навика за економичност и штедливост, вреднување на трудот на секоја индивидуа што го вложува |
| Како да се подобри успехот - насоки за распоред на времето | 4.11.2024 | Одделенски раководители, Ученици | Ученици од I до IX одделение | Насоки за правилно распоредување на времето со цел да се подобри успехот |
| Одбележување на ослободување на Скопје | 13.11.2024 | Одговорен наставник и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Преку реферат учениците стекнаа знаење за денот на ослободување на Скопје, твореа на тема „Скопје е мојот роден град“ и истражуваа податоци на интернет |
| Одбележување на Светскиот ден на детето | 22.11.2024 | Одговорен наставник и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Откривање на правата на децата со истакнување членови од декларацијата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | за правата на децата и нивна заштита |
| Акција за уредување на работниот простор и околината | 23.11.2024 | Одделенски раководители, Ученици | Ученици од I до IXодделение | Создавање естетски чувства за уреден простор, вреднување на трудот на секоја индивидуа што го вложува |
| Одбележување на 8 Декември –Ден на Св. Климент Охридски | 6.12.2024 | Одговорни наставници и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Преку предавање се запознаа со значењето на Св. Климент Охридски и изработуваа презентација |
| Одбележување на раѓањето на Ацо Шопов | 15.12.2024 | Одговорен наставник и членови на секцијата | Ученици од I до IX одделение | Учениците преку презентации се запознаа со животот и делото на Ацо Шопов |
| Украсување на паноата по повод на Нова година | 23.12.2024 | Одговорни наставници, одделенски раководители, ученици членови на секциите | Ученици од I до IXодделение | Учениците со своите ракотворби ги украсуваа паноата во училиштето |
| Приредба за правачињата по повод Новата година и поделба на пакетчиња од градоначалникот на Општина Бутел - Дарко Костовски | 30.12.2024 | Одделенски раководители, учениците од прво одделение | Ученици од I-V одделение | Учениците со задоволство ја проследија приредбата и со новогодишното пакетче ја почуствуваа новогодишната атмосфера |
| Одбележување на 4 февруари – Раѓањето на Гоце Делчев – предавање | 4.2.2025 | Одговорен наставник, одделенски раководители, ученици членови на секциите | Ученици од I до IXодделение | Учениците проследија предавање и изработуваа презентација |
| Одбележување на 8 Март – Денот на жената | 7.3.2025 | Одговорен наставник, ученици членови на секциите | Ученици од I до IXодделение | Учениците се запознаа со значењето на – Денот на жената и изработуваа оригами |
| - Избор на маски по повод Денот на шегата и смеата - 1 Април<br>- Учество на Априлијада | 1.4.2025 | Одговорни наставници, ученици, Општина | Ученици од I до IXодделение | Учениците изработуваа маски, ја применија креативноста, развиваа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| организирана од Општина Бутел | | Бутел | | естетски чувства и натпреварувачки дух |
| Одбележување на 7 Април – Светски ден на здравјето | 7.4.2025 | Одговорен наставник, ученици членови на секциите | | Учениците се запознаа со 7 Април – Светскиот ден на здравјето, значењето на здравјето за секоја индивидуа |
| Споведување акција за засадување цвеќе во училишниот двор „Од семе до прекрасни сончогледи“ | 8.4.2025 | Раководителите на секциите и учениците кои се членовина секциите | Ученици од I до IXодделение | Активно учествуваа во акцијата за засадување цвеќе во училишниот за разубавување на просторот |
| Одбележување на 1 Мај – Ден на трудот | 30.4.2025 | Раководителите на секциите и учениците кои се членовина секциите | Ученици од I до IXодделение | Преку предавање и презентација учениците се запознаа со значењето на 1 Мај – Ден на трудот |
| Одбележување на смртта на Гоце Делчев | 2.5.2025 | Одговорен наставник, ученици членови на секциите | Ученици од I до IXодделение | Учениците се запознаа за значењето на овој ден, проследија предавање и изработуваа презентација |
| Учество на учениците во Меѓународен натпревар – Кенгур | 8.5.2025 | Одговорен наставник, ученици членови на секциите | Ученици од I до IXодделение | Учениците учествуваа на Меѓународен натпревар – Кенгур, ги прикажаа своите знаења и способности, развиваа самодоверба и се поттикнуваше натпреварувачки дух |
| Одбележување на 9 Мај – Ден на победата над фашизмот | 9.5.2025 | Одговорен наставник, ученици членови на секциите | Ученици од I до IXодделение | Преку предавање и презентација учениците се запознаа со значењето на 9 Мај – Ден на победата над фашизмот |
| Свечена приредба по повод Денот на училиштето | 28.4.2025 | Одговорени наставници, раководителите на секциите и учениците кои се членови на секциите | | Учениците на свечената приредба успешно се претставија со точки подготвени од учеството на секциите |
| Одбележување на 24 Мај – Ден на словенските просветители | 23.5.2025 | Раководителите на секциите и учениците | Ученици од I до IX одделение | Преку предавање и презентација учениците се |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кирил и Методиј | | кои се членови на секциите | | запознаа со значењето на 24 Мај – Ден на словенските просветители |
| Учество во завршни активности од проектот „Фудбал во училиште" | 27.5.2025 | Раководителите на секциите и учениците кои се членовина секциите, Општина Бутел | Ученици од I до IX одделение | Развивање натпреварувачки дух |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Во учебната 2024/2025 ученичкиот парламент беше формиран според насоките, на демократски начин и учествуваа подеднакво сите ученици според национална и полова припадност. Во него учествуваат ученици – претставници на секоја паралелка од нашето училиште.

Во текот на оваа учебна година ученичкиот парламент работеше активно и според програмата. Членовите се состануваа еднаш месечно, а и почесто во зависност од потребите. Соработката меѓу членовите беше на високо ниво, но и во рамки на секое одделение посебно. Исто така забележавме успешна соработка и со предметните наставници, стручната служба и со Советот на родители во нашето училиште. Ученичкиот парламент зеде учество во процесот на јакнење на свеста кај учениците за водење сметка за хигиената, Преку разговори и сугестии ученичкиот парламент навлезе во сите сфери на училиштето, како во наставниот процес, така и во работата на секциите и дополнителната и додатната настава.

**ПРИЛОГ Годишен извештај од работата на Ученички парламент**

### 10.1. Ученички правобранител

Според членот 68, став 8, Законот за основно образование препознава ученички правобранител, чија улога е да „се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето“. Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето.

**ПРИЛОГ Годишен извештај од работата на Ученички правобранител**

## 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Училишните екскурзии и другите слободни активности (излети, настава во природа, зимување и летување) се вонучилишни облици на воспитно – образовна работа што се изведуваат надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми.

**Воспитно – образовни цели кои беа реализирани:** совладување и проширување на знаења; примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина; подобрување на социјализацијата, меѓусебно разбирање и толеранција*.*

**Задачи:** изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; развивање интерес за природата и градење еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата; градење чувство за патриотизам; развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; поттикнување и манифестирање позитивни емоции; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

РЕАЛИЗИРАНИ УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

.

| Активности | Време на реализација | Локација | Учесници | Организатор |
|---|---|---|---|---|
| Еднодневен пролетен излет | 08.05.2025 | Парк – шума Гази Баба | Ученици од I – V одд и VI – IX одд. | Директор, одделенски раководители |
| Тродневна научно –рекреативна екскурзија | 07 - 09.05.2025 | Охрид, Западна Македонија | Ученици од IX одд. | Директор, одделенски раководители |
| Дводневна научно –рекреативна екскурзија | 22 и 23.05.2025 | Источна Македонија | Ученици од VI одд. | Директор, одделенски раководители |
| Настава во природа | 22.04 – 25.04.2025 | Струга, Западна Македонија | Ученици од V одд. | Директор, одделенски раководители |
| Еднодневна научна екскурзија | 02.06.2025 | Лешок, Тетово | Ученици од III одд. | Директор, одделенски раководители |
| Еднодневна есенска екскурзија | 22.10.2024 | Спортско – рекреативниот центар Сарај | Ученици од I – V одд и VI – IX одд. | Директор, одделенски раководители |

## 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Ученичките натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот.
Училиштето континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава ученици кои го вложуваат својот максимум за реализација на сопствените афинитети и вештини.
Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за ученички натпревари**

## 13. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето се реализираат следните проектни активности:
Проект „Интеграција на еколошката едукација“, одговорен наставник Маја Чубриновска – координатор
Проект „Меѓуетничка интеграција во образованието“, Силвана Ѓуровска – координатор на ПМИО
Проект „Антикорупциска едукација на учениците“, одговорен наставник Дарко Костенцов и Марија Димовска
Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“, одговорен наставник Весна Додевска
Проект за медиумска писменост „Младите размислуваат“, одговорен наставник Весна Додевска
Проект „Ненасилно однесување во училиште“, одговорен наставник Виолета Тодоровска

**ПРИЛОГ Годишни извештаи за проекти во училиштето**

## 14. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ

### 14.1. Постигнување на учениците

Постигањата на учениците се составен дел на извештаите за успех кои редовно се изготвуваат. Во врска со постигањата на учениците се изготвуваат и споредбени анализи од страна на стручните соработници.

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети.

Со цел подобрување на резултатите во постигањата на учениците училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка. За дополнителната настава се изготвуваат и посебни известувања до родителите на учениците кај кои ќе се воочат потешкотии во совладувањето на матријалот по поедини предмети.

Стручните соработници преку разговори и листи за идентификација со одделенските наставници / раководители ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето. Континуирано се следи емоционалниот, социјалниот и личниот развој на овие ученици преку советодавно консултативна работа со нив, наставниците и нивните родители/старатели. По завршување на секој класификационен период се следат индивидуалните постигања, односно успехот на овие ученици. Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците, родителите на учениците кои имаат три и повеќе слаби се повикуваат на советување кај психологот на училиштето, а исто така со овие ученици психологот одржува групни советувања работилници за постигнување на горе наведената цел.

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето посветува особено внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културни установи и институции, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи итн. Училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата во име на училиштето.

Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки, националност и по пол за 3 години station наназад.

На крајот од учебната 2024/2025 годна учениците во однос на предметите го постигнаа следниот успех:

| Наставен предмет (4 – 9 одд.) | Среден успех |
|---|---|
| Македонски јазик | 4,3 |
| Англиски јазик | 4,4 |
| Германски јазик | 4,12 |
| Италјански јазик | 4,2 |
| Ликовно образование | 4,77 |

| | |
|---|---|
| Музичко образование | 4,67 |
| Физичко и здраствено образование | 4,9 |
| Математика | 4,14 |
| Историја | 4,66 |
| Географија | 4,55 |
| Физика | 4,01 |
| Хемија | 4,15 |
| Биологија | 4,19 |
| Граѓанско образование | 4,68 |
| Информатика | 4,92 |
| Етика | 4,59 |
| Иновации | 4,88 |
| Природни науки | 4,45 |
| Историја и општество | 4,5 |
| Техничко образование и информатика | 4,79 |
| Изборен прво полугодие | 4,97 |
| Изборен второ полугодие | 4,97 |
| Изборен 8-9 одделение | 4,94 |
| **Среден успех на ниво на училиште** | **4,55** |

**Извештај за избор**

[illegible]

Согласно правилникот за номинирање, избор и прогласување на ученик на генерација, Комисијата констатира дека според критериумите од Правилникот за ученик на генарација/истакнат ученик за:

| **Истакнат ученик** | **Ученик** |
|---|---|
| V одделение | Миа Величковска Vб одделение |
| VI одделение | Марко Младеновиќ – Кметовиќ VIб одделение |
| VII одделение | Никола Ристевски VIIв одделение |
| VIII одделение | Стефан Дрндаревски VIIIб одделение |

| **Првенец на генерација** | Давид Зариоски I Хв одделение |
|---|---|



**14.2. Професионална ориентација на учениците**

Училиштето во текот на годината превзеде конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за професионална ориентација**

## 14.3. Промоција на добро состојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Училиштето секоја година изработува програма со активности преку кои ја промовира добросостојбата на учениците, спроведува активности за превенција од меѓуврсничко насилство и спречување на секаков облик на дискриминација. Целта е намалување на насилното однесување на учениците и подигнување на свеста за можните последици. Училишниот тим за намалување на насилното однесување на учениците прави детектирање на видовите насилно однесување во училиштето, местата каде се случуваат и превзема соодветни мерки за справување и разрешување на истите. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците – жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување, како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на училиштето е должен да го пријави до надлежните институции секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител/старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице вработено во училиштето. Училиштето располага и со Интерен Протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во кој се содржани конктетни насоки и чекори за постапување. Истиот е објавен на веб страната на училиштето.

# 15. ОЦЕНУВАЊЕ

## 15.1. Видови на оценување и календар на оценувањето

Основната цел на оценувањето е да го поддржува учењето на учениците и да придонесе за достигнување на очекуваните резултати, па затоа истото е составен дел од сите видови планирања кои ги прави училиштето и наставниците.
Во развојните и годишните планирања на училиштето се посочуваат базичните принципи, политиките и практиките на оценување, како на пример: кои методи ќе се користат, како ќе се обезбеди објективност при оценувањето и конзистентност на критериумите од еден до друг наставник, како ќе се информираат учениците и родителите/старателите, како ќе им се дава поддршка на учениците коишто имаат тешкотии во постигнување на очекуваните резултати, како ќе се анализираат и користат добиените резултати од оценувањата кои ги спроведуваат наставниците, но и од оценувањата кои се добиени со надворешни тестирања.

При планирање на поучувањето секој наставник вклучува елементи на оценување: од следење на напредокот на секој ученик, преку

користење на различни методи за формативно оценување со или без вклучување на учениците до определување на методите и инструментите за сумативно оценување. Резултатите од оценувањето кои ги добива во текот и по поучувањето наставникот ги користи за да го вреднува сопственото поучување и сознанијата до кои ќе дојде потоа ги вградува во следното планирање на наставата.

За учениците да можат да прикажат што и колку постигнале, при оценувањето се користи широк дијапазон на постапки и методи (како на пример: есејски задачи, тестови, квизови, проблемски задачи, проекти), а на учениците им се дава можност да ги прикажат своите постигања преку пишани продукти, практични продукти, усни презентации, изведби и др.

Училиштата имаат јасно поставен систем за информирање на учениците и родителите во врска со методите кои се користат при оценување, со стандардите и критериумите за оценување, со принципите на почитување на приватноста и дигнитетот на учениците и родителите, како и со подготвеноста за давање дополнителни информации.

**Формативно и сумативно оценување**

За да се овозможи секој ученик да ги постигне очекуваните резултати, наставниците применуваат формативно оценување, познато и како оценување за учење. Тоа налага наставникот да го следи учењето и напредокот на секој ученик во сите наставни ситуации, навремено да му дава повратни информации за учењето и постигањата, да го поттикнува на саморефлексија и самооценување, да му помага да си постави цели за учење и да му дава насоки како да ги постигне.

Бележењето и документирањето на напредокот и достигнувањата на учениците им овозможува на наставниците да направат рефлексија врз сопствената работа, вреднувајќи ја ефективноста на одделни приоди во наставата од аспект на нивниот придонес во постигнување на поставените цели на учењето. Наставниците ги користат ваквите сознанија за да ја прилагодат својата настава на потребите на учениците и на тој начин да ги мотивираат за учење и во крајна линија – да обезбедат постигнување на резултати од учењето. Документирањето на напредокот и достигнувањата на учениците им овозможува на наставниците да ги вклучат родителите / старателите во пообјективно анализирање на постигањата, но и во следните чекори во учењето на нивните деца.

Сумативното оценување е поврзано со определени периоди во наставната година (крај на одделна тема, тримесечие, полугодие и крај на учебна година) и има за цел да укаже на тоа колку ученикот успеал да научи, односно колку ги постигнал очекуваните резултати за конкретна тема или период. Сите информации за постигањата се дадени во вид на кус опис (кај описните оценки) и во вид на бројка (кај бројчените оценки).

**Календар на оценување**

Учениците кои се опфатени во првиот период I – III одделение и вториот период IV – VI одделение на крајот од првото тримесечје, прво полугодие и трето тримесечје се оценети со описни оценки, а на крајот на учебната година бројчано. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. Учениците кои се опфатени во третиот период VII – IX одделение во текот на целата година се оценуваат со бројчени оценки.



## 15.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Тимот за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди изготвува план за посета на часови и има обврска преку посетата на часови и изготвување на протоколи и евидентни листи да го следи имплементирањето на стандардите и критрериумите за оценување на учениците. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие. Годишните оценки одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите ги соопштува на родителска средба која се одржува три дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.

Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците.

Стручната служба изготвува извештај за успехот на учениците по одделенија, предмети, пол, етички состав и наставен јазик квартално по тромесечија, на полугодие и на крајот на годината според податоци добиени од одделенските раководители, како и за поведението и редовноста на учениците по одделенија, пол, етички состав и наставен јазик.

## 15.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно – образовниот кадар

Тимот за следење и анализа е составен од Директорот на училиштето и стручните соработници. Преку изработените инструменти за следење на наставен час, часови по дополнителна и додатна настава и вонннаставна активност се следеше работата на наставниот кадар.

Целтта е утврдување на нивото на реализација на наставните цели од програмата, следење на постигнувањата на учениците и нивното напредување, согласно стандардите на програмата, односот на наставник кон ученик со потешкотии во учењето и/или работа со талентиран односно ученик со посебна програма за работа.

Доколку одреден наставник има потешкотии и остварува послаби резултати во работата се приоѓа кон поддршка за подобрување на работењето.

## 15.4. Самоевалуација на училиштето

Врз основа на член 129, став 2 и став 4 и член 130 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161 од 5 август 2019 година) Општинското основно училиште „Ацо Шопов“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година, чија реализација е во посебен документ. Самоевалуацијата се прави со цел да се детектираат, а потоа и да се елиминираат слабите страни на работата на училиштето што се добиени по пат на анализа на претходната самоевалуација (примена на анкети, интервју, компарација на резултати), а да се зајакнуваат позитивните придобивки и да се јакне добрата страна на работата на училиштето, а се во насока на исполнување на визијата на нашето училиште.

Самоевалуацијата ги опфати следните подрачја:

- Планирање, учење и настава;
- Постигања на учениците;

- Училишна клима и односи во училиштето;Управување, раководење и креирање политики.

## 16. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето:

- Развива и спроведува политики за сигурна и безбедна училишна средина.
- Применува превентивни активности за безбедност.
- Развива и применува превентивни активности за почитување на правата на учениците (безбедност, недискриминација и сл).
- Создава услови за почитување на индивидуалните разлики и развој на сите ученици.
- Има инклузивен пристап во воспитно – образовниот процес и ги разбира потребите на различни групи ученици.
- Поттикнува активности од мултиетнички и мултикултурен карактер.
- Обезбедува слободно и конструктивно вклучување на учениците во животот на училиштето.

## 17. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

### 17.1. Хигиена во училиштето

Училиштето во текот на учебната година води грижа за хигиената во училишниот објект. Во училиштето се врши тековно дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Ходниците, тоалетите и училниците се чистат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена.

### 17.2. Систематски прегледи

- Задолжителни систематски прегледи;
- Задолжителни стоматолошки прегледи;
- Сите вработени еднаш годишно одат на санитарен преглед, а на секои две години на систематски преглед;
- При запишување на децата во прво одделение задолжително се доставува и потврда за имунизација и стоматолошки преглед за детето како услов за запишување.

### 17.3. Вакцинирање

Вакцинирање се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинација се врши за ученици од одделенска и предметна настава и истата се врши во поликлиниката Чаир со присуство на родителите и одделенските раководители.

### 17.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштето

Во текот на изминатата учебна година, ООУ „Ацо Шопов“ посвети значително внимание на едукацијата за здрава исхрана, препознавајќи ја клучната улога на правилната исхрана во севкупниот развој и здравје на учениците. Реализирани се повеќе активности со цел подигнување на свеста кај учениците, наставниците и родителите за важноста на балансираната исхрана и здравите навики.

**Одбележување на 16 Октомври – „Светски ден на здравата храна“**
Централна активност во рамките на едукацијата за здрава исхрана беше одбележувањето на 16 Октомври – „Светски ден на здравата храна“. По тој повод, училиштето организираше низа интерактивни и едукативни настани, во кои активно беа вклучени учениците од различни одделенија.



**Работилници за подготовка на здрава храна**: Учениците, под менторство на наставниците, а со поддршка од родителите, учествуваа во

работилници за подготовка на оброци и ужини од здрави состојки.
**Изложби и презентации:** Во рамките на одбележувањето, беше поставена изложба на производи и креации направени од здрава храна.
**Едукативни материјали и дискусии**: Активностите беа придружени со едукативни разговори и презентации за придобивките од здравата исхрана, штетноста на брзата храна и слатките пијалоци, како и совети за одржување на здрав начин на живот. Фокусот беше ставен на подигање на свеста за важноста на одрживото производство на храна и свет без глад, како што е наведено во пошироките цели на Светскиот ден на храната.
**Придонес и резултати:**
Со овие активности, училиштето „Ацо Шопов" успешно придонесе кон:

- Подигнување на свеста кај учениците за значењето на здравата исхрана.
- Развивање на практични вештини за подготовка на здрави оброци.
- Поттикнување на креативноста и тимската работа меѓу учениците.
- Зајакнување на соработката помеѓу училиштето, родителите и локалната заедница во промовирањето на здрави навики.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за грижа за здравјето на учениците**

## 18. УЧИЛИШНА КЛИМА

Во училиштето се вложуваат напори за градење позитивна средина каде секој ученик е во фокусот на наставниот процес. Се поттикнува инклузивноста и еднаквите можности за квалитетно образование, а мултикултурната разноликост и меѓуетничката интеграција се основни вредности. Тимската работа, креативноста и иновацијата се поддржуваат како неопходни елементи за постигнување успех.Посветеноста кон етичките принципи е од суштинско значење, а училиштето создава атмосфера исполнета со емпатија, сигурност и грижа. Поттикнувањето на позитивни односи и мотивација за постигнувања е дел од секојдневните активности, а учениците се охрабруваат да го покажат својот потенцијал.
Се спроведуваат мерки за обезбедување безбедност и прифаќање, со посебен акцент на поддршката за учениците со посебни образовни потреби. Вредностите на училиштето се промовираат меѓу наставниците, учениците и родителите, а комуникацијата се одвива транспарентно и одговорно.
Наставниот кадар поставува амбициозни, но достижни очекувања, а соработката меѓу различни групи и тела во училиштето е клучна за ефективно функционирање. Политиката на „Отворени врати" овозможува лесен пристап за наставниците, родителите и локалната заедница, со цел зајакнување на врските со бизнис секторот и други организации.
Училиштето активно поддржува ученички иницијативи, воннаставни активности и организации кои го збогатуваат образовното искуство. Секој член на заедницата е поттикнат да се однесува согласно етичките норми и вредности, при што се создава простор за инклузија, мултикултурност, еколошка свест и меѓуетничка интеграција. Континуирано се следат релациите меѓу наставниот кадар и учениците, а се преземаат мерки за подобрување на училишната култура. Се поттикнува чувството на одговорност кај сите засегнати страни, охрабрувајќи ги да придонесат за развојот на училиштето и заедницата.

## 18.1. Дисциплина

Училиштето спроведе активности за подобрување на училишната дисциплина на учениците и вработените. Постои Куќен ред во училиштето и Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите.

Училиштето изготви распоред на дежурни наставници кои ја следат и контролираат дисциплината, однесувањето и безбедноста на учениците во ходниците, училниците, санитарните јазли, училишниот двор и сите други простории, од отворањето до затворањето на училиштето во текот на денот. Распоредот е истакнат на огласна табла во наставничката канцеларија и дежурните наставници, тековно подготвуваат и водат писмена евиденција за тековното збиднување за време на одморите.

Покрај дежурствата на наставниците во училиштето се организира и дежурства од страна на учениците кои работат според правилник за дежурства на учениците кои евидентираат влез, излез на надворешни лица.

## 18.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците и учениците придонесуваат за уредувањето на училиштето со свои изработки, проекти и презентации, со цел подобар изглед и функционалност, водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето. Наставниците и учениците се грижат за ентериерот во училниците, додека тимот за естетско уредување е одговорен за уредувањето на ходниците и влезниот простор. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, со што се овозможува непречена реализација на наставата.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Средување на училишниот двор, училишната зграда, подготвки за првиот училиштен ден. | Косење на тревата, чистење на училишниот двор, уредување на паноата во училиштето, украсување на сцената. | Општината и Училиштето | 1.9.2024 | Естетско уреден двор, украсена бина. |
| Одбележување на празникот 8 Септември | Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Дарко Костенцов, ученици од предметна настава | 7.9.2024 | Украсени паноа со литературни и ликовни творби. |
| Одбележување и прославување на Европскиот Ден на јазиците | Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Валентина Зотевска, Весна Стојановска, Радица Милковска, Виолета Тевдовска | 26.9.2024 | Украсени паноа со литературни и ликовни творби. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на светскиот ден против насилството | Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Весна Додевска, Ване Ѓорговски, Виолета Миленковска Тодоровска, Виолета Тевдовска | 2.10.2024 | Украсени паноа со ликовни творби |
| Светскиот ден на учителот | Литературно уредување на паноата во училиштето | Одделенските наставници | 5.10.2024 | Украсени паноасо литературни и ликовни творби |
| Свечен прием на првачиња во „Детската организација“ | Уредување на паноата во училиштето, украсување на сцената. | Одделенските наставници | 10.10.2024 | Украсени паноа со креативни ликовни творби. |
| Одбележување на „Денот на востанието“ 11 Октомври | Уредување на паноата во училиштето | Дарко Костенцов | 11.10.2024 | Украсени паноа со креативни изработки, учениците ги проширија своите знаења за овој празник. |
| Одбележување на 16 – ти Октомври „Светскиот ден на здравата храна" | Уредување на паноата во училиштето со изработки за здрава храна, украсување на сцената. | Одделенските и предметните наставници, нутриционист, доктор. | 16.10.2024 | Уредени паноа во училиштето со изработки за здрава храна, развиена свест кај учениците за важноста на здравата исхрана. |
| Меѓународен ден на Организацијата на Обединетите Нации, 24 октомври | Креативни изработки од учениците | Виолета Тевдовска, Весна Пановска и Игор Бошковски | 24.10.2024 | Учениците се информираа за историјата, структурата и целите на оваа голема и значајна меѓународна организација |
| Поставување камен – темелник на нов модерен објект за надградба на училиштето | Надградба на училиштето | Премиерот на Владата на Република Македонија Христијан Мицкоски, министерка за образование Весна | 16.11.2024 | Обезбедување на подобри услови за учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Јаневска, градоначалник Дарко Костовски. | | |
| Одбележување на Денот на детето | Креативни изработки | Маја Ивановска | 16.11.2024 | Подигнување на свеста за важноста од правилен психофизички развој на децата во организација на педагогот и ученикот правобранител. |
| Одбележување на 8 декември – Денот на Свети Климент Охридски. | Уредување на паноата во училиштето | Дарко Костенцов, Марија Димовска | 8.12.2024 | Учениците се информираат за делото на првиот словенски епископ, писател, просветител и творец на Охридската книжевна школа. |
| Раѓањето на Ацо Шопов | Уредување на паноата во училиштето | Билјана Ристовска Стомнароска | 20.10.2024 | Учениците ги проширија своите знаења за животот и делото на Ацо Шопов |
| Естетско уредување на аулата и училниците по повод новогодишните празници. | Уредување на аулата и училниците по повод новогодишните празници. | Ване Ѓорговски, одделенските и предметните наставници | 24.12.2024 | Убаво украсена аула и училници. |
| Сеќавање на Тоше Проески | Уредување на паноата во училиштето | Елена Златкова | 24.1.2025 | Ги воспитуваме нашите ученици да го следат неговиот пример на човечност, добрина и несебична љубов |
| Одбележување на раѓањето на Гоце Делчев. | Уредување на паноата во училиштето со ликовни и литратурни творби | Дарко Костенцов | 4.2.2025 | Учениците ги проширија своите знаења за животот и делото на Гоце Делчев |
| Одбележување на празникот Валентајн | Креативни изработки од учениците | Германска секција | 11.2.2025 | Учениците истражуваа и правеа украсни хамери по повод празникот Валентајн |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ден на мајчиниот јазик | Изработка на Канва постери инспирирани од јазиците, цртежи со Крсте Мисирков и Блаже Конески, втемелувачите на македонскиот јазик. | Весна Додевска, Ване Ѓорговски, Димитар Димитров | 21.2.2025 | Учениците изработија Канва постери инспирирани од јазиците, цртежи со Крсте Мисирков и Блаже Конески. |
| Одбележување Светски ден на математиката, Пи ден. | Изработки од учениците | Весна Јакимовска, Елена Златкова, Дара Драгановска, Јасминка Раденкова | 13.3.2025 | Учениците изработуваа уметнички дела користејќи линии и математички форми. |
| Изградба на спортско рекреативниот центар „Радишани" | Изградба на ново модерно фудбалско игралиште со вештачка трева, нова челична ограда и ново лед осветлување. Баскет игралиште со специјална ФИБА подлога Фитнес зона за вежбање и рекреирање. Ново детското игралиште, тениско игралиште со акрилна подлога | Општина Бутел, градоначалникот Дарко Костовски | 14.3.2025 | Рекреација за жителите на Радишани. |
| Одбележување на светскиот ден на лицата со Down sindrom | Креативни изработки од учениците | Марија Димовска, Марина Минциковска Апостоловска | 21.3.2025 | Учениците изработија хамер и ги проширија своите познавања за хромозомското нарушување даунов синдром. |
| Одбележување на Денот на шегата 1ви Април | Украсување на аулата на училиштето со креативни изработки. | Одделенските и предметните наставници | 1.4.2025 | На симболичен начин се прослави денот на шегата, продефилираа првоаприлските маски низ нашиот хол. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Велигденскиот хепенинг, под мотото „Ацо Шопов за Кочани“ | Креативни ликовни творби, креативно изработени паноа. | Одделенските наставници | 14.4.2025 | Креативни изработки од учениците со цел да се помогне на настраданите од Кочани. |
| Одбележување на денот на планетата Земја | Уредување на паноата во училиштето со ликовни и литратурни творби. | Билјана Јосимовска | 22.4.2025 | Љубовта кон планетата Земја, учениците ја искажаа и преку нивните креативни изработки со цел да ја сакаме почитуваме и заштитуваме. |
| Одбележување на Денот на планетата  Земја. | Еко – акција за средување на зеленилото во училишниот двор. | Одделенска настава | 22.4.2025 | Засадени беа зимзелени дрвца, донација од родител. |
| Одбележување на „Денот на училиштето" | Средување на училишниот двор. | Маја Чубриновска | 28.4.2025 | Засадување на цвеќиња и средување на дворот по повод Денот на училиштето. |
| Одбележување на Денот на училиштето, под мотото: „Учам, создавам, успевам". | Креативни изработки | Билјана Ристоска Стомнароска<br>Благица Јанковска<br>Светлана Латиновска Пислевска<br>Марија Анѓелова<br>Ване Ѓорговски | 28.4.2025 | Наставниците заедно со своите ученици изработија креативни паноа и изработки. |
| „Генералка викенд" | Еко настан за одржување на чиста животна средина | Маја Чубриноска | 9.5.2025 | Развиена еколошка свест кај учениците |
| 1 јуни – Меѓународен ден на детето | Креативни изработки | Магдалена Андонова | 30.5.2025 | Учениците се запознаа со детските права и испратија порака: „Нека секое дете расте во свет полн со љубов,  разбирање и можности за среќно и безгрижно детство!". |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Заеднички активности со училиштето „Панајот Гиновски" од проектот Меѓуетничка интеграција во образованието по добиен грант од МОН. | Уредување на училишниот двор со Еко градина. Оплеменување на ѕид од училишниот хол со ликовни мотиви. Оплеменување на плочест дел од училишниот двор со едуктивни игри. | Силвана Ѓуровска Ване Ѓорговски, Оливера Костадинова, Благица Јанковска, Весна Додевска | 31.5.2025 | Учениците заеднички презентираа и учествуваа во сите активности. |

## 18.3. Етички кодекси

Во нашето училиште постои Кодекс на однесување во училиштето во кој  се одредени:

- општи правила за однесување на учениците;
- правила врзани за наставата;
- правила за однесување за време на одмор;
- правила за однесување на наставниците и другите вработени во училиштето и
- правила за однесување на родителите.

Покрај овој кодекс постои и Етички кодекс за оценувањето на постигањата на учениците во кој се одредени правила за оценување. Сите во училиштето се стремат кон почитување на овие етички кодекси. Исто така во училиштето има изработено куќен ред. Сите етички кодекси се истакнати на видно место во училиштето и објавени на веб страната.

**ПРИЛОГ Кодекс на однесување во училиштето**

## 18.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето остваруваат:

- формални средби: состаноци, работилници, дебати.
- неформални средби: заедничко еднодневно дружење на сите вработени на крајот од учебната година.

## 19. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

### 19.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.

### 19.2. Активности за професионален развој

Училиштето има формиран тим за професионален развој кој воспостави систем (процедури за планирањето и реализирањето на стручното усовршување) што опфаќа:

- Идентификувањето на потребите на наставниците / стручните соработници за професионален развој;
- Донесување одлуки за приоритети на училиштето врз основа на самопроценката и програмата за развој;
- Подготовка на личен план за професионален развој од страна на секој наставник / стручен соработник и усогласување на ниво на акти;
- Групирање на индивидуалните потреби за стручно усовршување на наставниците / стручните соработници и нивно усогласување со приоритетите на училиштето;
- Идентификување на ресурсите потребни за поддршка на програмата за професионален развој;
- Следење на реализацијата и ефектите од професионалниот развој и користење на резултатите при идното планирање на професионалниот развој;
- Ангажирање на искусниот кадар во улога на обучувачи за дисеминација на иновациите и во улога на ментор и за поддршка на професионалниот развој на колегите;
- Планирање на заеднички професионален развој со други училишта преку воспоставување мрежи за заемна поддршка.

### 19.3. Личен професионален развој

За сопственото стручно усовршување, наставникот прави личен план за професионален развој за секоја учебна година преку самоевалуација на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посети на директорот на училиштето, советници од БРО, Центарот и ДПИ. Формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставникот и стручниот соработник ги уредува министерот, на предлог на БРО и Центарот.

### 19.4. Хоризонтално учење

Дел од професионалниот развој е и хоризонталното учење, процес кога наставниците учат еден од друг. Хоризонталното учење подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на професионални искуства внатре во училиштето или помеѓу училиштата. Тоа искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручни соработници преку изведување, присуствување и анализирање на нагледни и отворени часови, прикази на стручни теми, држење на интерни обуки, дисеминација, работилници и колегијална менторска поддршка.

### 19.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој води кон кариерно напредување на воспитно – образовниот кадар. Во процесот на кариерен развој на наставниците, проценувањето на исполнетоста на стандардите за напредување во звања се врши од неколку аспекти и ја прави училиштето. За таа цел воспитно – образовниот кадар во училиштето е запознаен со: Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот, Професионалните стандарди за наставник – ментор, Професионалните стандарди за наставник – советник. Проценката од училиштето се прави за оној наставник кој се подготвува и се пријавил за напредување во звање и се базира врз информации добиени од: родители, ученици, наставници и училишна документација. Во нашето училиште има еден наставник – ментор.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

## 20. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

### 20.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

ООУ ,,Ацо Шопов“ од Скопје активно ги вклучува родителите во работата и животот на училиштето и тоа: заедничко организирање наставни часови и предавања со наставниците, учество во организирање и реализација на екскурзии и излети, преземање активности од спортски, културен, едукативен и забавен карактер. Целта е да се зајакне врската родител – ученик – наставник. Родителите соработуваат со наставниците, стручните соработници и другите субјекти во училиштето не само преку индивидуални и заеднички средби, туку и како активни членови во работата на Советот на родители и Училишниот одбор и комисии и тимови. Воспоставува ефективни механизми за комуникација и континуирано унапредување на соработката со семејството. Соработува со Советот на родители заради поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето.

## 20.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонnаставни активности

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно – образовната работа на училиштето така што заедно со наставниците планираат и релизираат наставни часови од одредни теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, учествуваат во организирање на разни работилници, трибини и дебати, помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали. Училиштето има воспоставено механизми за редовно прибирање повратни информации од семејствата во насока на подобрување на квалитетот на наставата.

## 20.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку презентации, соопштенија на веб страна, брошури и флаери. Едукацијата на родителите се реализира преку работилници за Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализира Програма за советување родители, со која родителите се советуваат и едуцираат како да им помогнат на своите деца во надминување на проблемите и подобрување на училишниот успех. Стручните соработници секојдневно спроведуваат советодавно – консултативни разговори со родителите и вршат едукација на родителите на учениците кои имаат слаб успех, голем број изостаноци и имаат асоцијално однесување. Со почетокот на учебната година училиштето изготви Училишен информатор за целокупната работа во училиштето.

**ПРИЛОГ Годишен извештај за соработка на училиштето со родителите/старателите**

# 21. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето има континуирана соработка со локалната самоуправа како еден од главните услови за успешно и квалитетно реализирање на бројни актиности во склоп на програмата на училиштето и имплементација на проекти. Планирање, реализирање и следење на активности меѓу училиштето и заедницата со кои се подобруваат постигањата на учениците (посети, реализација на наставни и вонnаставни активности).

- Информирање на заедницата за потребите на училиштето и обезбедување на поддршка.
- Соработува со локалната заедница при справување со кризни ситуации што го засегаат училиштето и локалната заедница (непогоди, епидемии, насилство, криминални појави и слично).
- Организира соработка со родителите и заедницата преку формирање разни тела за решавање одредени актуелни прашања.
- Се вклучува во организацијата и реализацијата на превентивни, хуманитарни и културни активности на локалната заедница.
- Соработува со заедницата со цел сите деца да бидат вклучени во образованието.
- Соработува со воспитно – образовни институции во и надвор од државата.
- Ги поттикнува вработените и обезбедува услови за соработка со други училишта.
- Соработува со граѓанскиот сектор и активно ги вклучува вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето.

- Обезбедува можности учениците нивното знаење и искуство да го надградат преку соработка во јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор.
- Промовира и прифаќа вклучување волонтери во училиштето и волонтерско ангажирање на учениците и вработените во заедницата.
- Соработка со соодветни агенции за заштита и поддршка на младите.

Училиштето со цел зачувување на здравјето на децата и вработените редовно соработува со институции како: Поликлиника Чаир, Координативно тело за спроведување на Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0 – 14 год. во РСМ, Центар за јавно здравје, Завод за ментално здравје.

Соработува со институции надлежни за образованието (МОН, БРО, ЦСОО, ДИЦ, ДПИ и др.). ПОУ „Иднина“. Ја поттикнува меѓу училишната соработка и обезбедува соработка со други училишта со различен наставен јазик. Учествува во планирање, реализирање и следење на активности кои промовираат интеркултурно образование.

## 22. ПРИЛОЗИ:

### 22.1. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Училишниот одбор при ООУ „Ацо Шопов“ – Скопје, Бутел работи согласно Годишната програма на Училишниот одбор.

Во учебната 2024/2025 година Училишниот одбор е во состав од Маја Димовска – претседател (претставник од Совет на родители од 2.11.2022 година), Ивана Ѓорѓиевска-заменик претседател (претставник од Совет на родители од 2.11.2022) и Александар Гиговски (претставник од Советот на родители од 2.11.2022 година), преставник од Општина Методија Секуловски (до13.04.2025 год) и Даниел Ѓурчилов (од 29.04.2025 година), Марија Димовска – записничар (претставник од редот на наставниците од 5.11.2024 година), Ивона Бојчева (претставник од редот на наставници од 12.09.2022 година) и Валентина Јоцевска (претставник од редот на наставниците 27.11.2023 година).

Сите седници се редовно одржани, со мнозинство на членовите од Училишниот одбор, а со нив раководи претседателот на Училишниот одбор. Состаноците се од отворен карактер и по потреба присуствуваат покрај членовите на Училиниот одбор и директорот, секретарот, претставници од училишен парламент, стручната служба, членови на комисии, одговорни на тимови и слично.
Одлуките кои се донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и редовно се објавуваат на огласната табла.

Според Годишната програма на Училишниот одбор од 01.07.2024 година до 1.07.2025 година реализирани се следниве активности:

| Датум | Активности | Присутни на состанокот |
|---|---|---|
| 01.07.2024 | 1. Усвојување на Годишниот извештај за работа на Училишниот одбор;<br>2. Усвојување на Годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година и предлагање на извештајот до Советот на Општина Бутел:<br>3. Разгледување и усвојување Извештај од извршена самоевалуација на училиштето за период од 2022-2024 година;<br>4. Усвојување на Извештаи од реализирани екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2023/2024 година;<br>5. Формирање на стручен тим за подготовка на Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2024/2025 година;<br>6. Тековни прашања. | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Валентина Јоцевска, Марија Димовска и Ивона Бојчева. Од Советот на родители присуствуваа: Маја Димовска и Ивана Ѓорѓиевска. Присутни беа и претставникот од основачот Општина Бутел, Методија Секуловски и претставник од Ученичка Заедница Мила Мирчевиќ од 9в одделение. На состанокот беше присутна и директорката на училиштето Билјана Симоноска Антовска.<br>Оправдано отсутен на состанокот беше претставникот од Советот на родители Александар Гиговски<br>Состанокот го водеше претседателот Маја Димовска. |

| | | |
|---|---|---|
| 08.07.2024 | 1. Усвојување на Годишна програма за работа на Училишниот одбор за учебна 2024/2025 година;<br>2. Усвојување на Годишна програма за работптата на училиштето во учебната 2024/2025 година и предлагање на Програмата до Советот на Општина Бутел;<br>3. Донесување на Развојна програма на училиштето за период од 2024-2028 година;<br>4. Запознавање со Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците во учебната 2024/2025 година.<br>5. Правилник за награди на вработени;<br>6 . Тековни прашања. | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска и Валентина Јоцевска и Ивона Бојчева, од Советот на родители присуствуваа Маја Димовска и Александар Гиговски. Оправдасно отсутни беа Ивана Ѓоргиевска и претставник од основачот на Општина Бутел Методија Секуловски. На состанокот беше присутна директорката на училиштето Биљана Симоноска Антовска. |
| 18.09.2024 | 1. Одобрување на Програма за екскурзии, излети, и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2024/2025 година;<br>2. Формирање на Комисија за спроведување на постапката за екскурзии во учебната 2024/2025 година;<br>3. Предлог финансиски план до Совет на Општина Бутел;<br>4. Тековни прашања | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска и Ивона Бојчова, од Советот на родители присуствуваа Маја Димовска, Ивана Ѓорѓиевска и Александар Гиговски. Оправдано беше отсутен, претставник од основачот, Општина Бутел - Методија Секуловски. На состанокот беше присутна директорката Биљана Симоноска Антовска. |
| 02.10.2024 | 1. Одлука за избор на најповолна понува за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците<br>2. Запознавање си склучени Договори за закуп на термини во спортска сала и училишен простор<br>3. Комисија за самоевалуација<br>4. Тековни прашања | На состанокот присуствуваат од редот на наставниците Марија Димовска, Ивона Бојчева и Валентина Јоцевска. Од Советот на родители присуствуваа Маја Димовска, Ивана Ѓорѓиевска и Александар Гиговски. Оправдано беше отсутен претставник од основачот Општина Бутел –Методија Секуловски. На состанокот беше присутна и директорката Биљана Симоноска Антовска |
| 27.10.2024 | 1. Запознавање на Училишниот одбор со Апликацијата за грант за унапредување на квалитетот на работата на основните училишта ( Проект за унапредување на основното образование, поддржано од Светска банка) која ќе биде поднесена од ООУ „Ацо Шопов“-Скопје<br>2. Тековни прашања | На состанокот присуствуваа од редот на наставниците: Марија Димовска, Валентина Јоцевска и Ивона Бојчова, од Советот на родители присуствуваа Маја Димовскаи Ивана Ѓоргиева, оправдано беше отсутен од Советот на родители Александар Гиговски и Претставник од основачот, Општина Бутел - Методија Секуловски. |

| | | |
|---|---|---|
| Давање насоки за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП | Успешно проценување на постигнувањата кај учениците | Континуирано во текот на годината | Водење на досие на ученикот со негови активности | Наставник, родител и стручна служба Образовен асистент |
| Помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран и диференциран пристап во работата | Учениците да напредуваат според своите можности и способности | Континуирано во текот на годината | Развој на индивидуални способности | Наставници, Образовен асистент |
| **ПОДРАЧЈЕ 3: НЕПОСРЕДНА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
| **Содржина на работа** | **Цели** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** | **Соработници** |
| Посета на часови и други | Следење на 10 ученици | континуирано | Запознавање со | наставници, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| активности<br>Вкупно (20 часа) | со ПОП преку обсервација | | однесувањето, потребите и можностите на ученици | Стручна служба |
| Одбележување на светскиот ден на лицата со DOWN – синдром | Работилница и истражување | 21.03.2025 | Подигање на свесноста, разбирање на поимот | Марија Димовска, ученици од 7 одд. |
| Одбележување на денот на 3 Декември „Меѓународен ден на лицата со попреченост“ | Предавање со презентација на денот посветен на децата со попреченост | 25.12.2024 | Соработка и интеракција, разбирање на поимот и ширење емпатија како и нивно вклучување во инкузивното образование | Ученици од седмо, осмо и деветто одделение со наставникот Марија Димовска |
| Одбележување на денот на 3 Декември „Меѓународен ден на лицата со попреченост“ | Подигнување на свесност ИНКЛУЗИЈА | 04.12.2024 | Подигнување на свесност И прифаќање на лицата со ПОП | Ученици,<br>Весна Додевска |
| Дефектолошка проценка на учениците | Индивидуална работа со ученици со ПОП | Континуирано<br>По потреба | Правилно проценување на можностите и потребите на учениците | наставници,<br>Стручна служба образовен асистент |
| Одбележување на 2 ри април –Светски ден на аутизмот | Одбележување на денот посветен на децата со аутизам | 02.04. 2025год. | Соработка и разбирање, прифаќање и поддршка на лицата со аутизам | Образовни асистенти и ученици |
| Индивидуална работа со ученици со ПОП | Вежби за надминување на потешкотиите во учењето: дискалкулија, диграфија и дислексија<br>Психомоторна реедукација | Два пати неделно, некои еднаш во зависност од препораките на МКФ, со секој ученик посебно | Постигнување на подобар успех и социјализација на учениците | Соработка со одделенските наставници на Ученици со ПОП |
| Водење досие за секој ученик со ПОП | Следење на развојот на ученикот | Континуирано во текот на годината | Евидентирање на напредокот и постигнувањата на учениците | Наставници, Стручна служба |
| Евалуација на ИОП | Согледување на реализацијата според предвидените активности и цели | Ноември,<br>Јануари,<br>Април 2024/25 | Согледување на постигнувањата и нивна промена по потрба | Ученици со ПОП<br>Наставници, инклузивен тим |
| **ПОДРАЧЈЕ 4: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| **Содржина на работа** | **Цели** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** | **Соработници** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Инструктивно – советодавна работа со родителите на учениците (насоки за работа дома) | Информираање на родителите за стручни лица и сервиси за поддршка во заедницата | Континуирано | Остварување на ефективна соработка. | Родители, наставници, Инклузивен тим |
| Запознавање со процесот на Инклузија и вклучување во процесот на изработка на ИОП | Постигнување на целите | Континуирано | Успешно постигнување на целите според содржините | Родители, наставници, Инклузивен тим |
| Упатување на соодветни стручни установи согласно потребата на ученикот | Добивање на стручно мислење од соодветни стручни лица | Континуирано | Согледување на моменталната состојбата на ученикот | Родители на УПОП, Инклузивен тим |
| Соработка со родителите за нивните права, обврски и бенефиции | Информирање на родителите за правата и бенифициите на нивните деца | Континуирано | Користење на нивните права и обврски во однос на деца со ПОП | Родители на УПОП, Инклузивен тим, наставници |
| Консултации со родителите за напредокот на учениците | Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | Континуирано | Постигнување на поставените цели | Родители, наставници, Инклузивен тим |
| **ПОДРАЧЈЕ 5: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | |
| **Содржина на работа** | **Цели** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** | **Соработници** |
| Соработка со здравствени установи и институции заради дијагностика и третман | Рано откривање, детекција, дијагностика и третман на учениците со посебни образовни потреби | Континуирано | Подобрување на нивните потенцијали Постигнување подобар училишен успех | Наставници, ученици, родители, Стручна служба |
| Соработка со Ресурсен центар ИДНИНА И МКФ | Третирање и обезбедување на образовни асистенти на ученици со ПОП | Конттинуирано | Подобрување и олеснување на вос.образ. систем за децата со ПОП – постигнување на инклузија | Родители, РСЦ Иднина, МКФ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Соработка со училиштата од реонот и пошироко | Унапредување на работата | Септември – Јуни 24/25 | Споделување на искуства за унапредување на процесот на инклузија | Специјални едукатори и рехабилитатори |
| **ПОДРАЧЈЕ 6:ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ** | | | | |
| **Содржина на работа** | **Цели** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати** | **Соработници** |
| Професионална ориентација на ученици | Професионално усовршување | 26.08.2024 | Професионално усовршување на стручни соработници | БРО – Катерина Попова<br>ОЗ Инвест ДООЕЛ |
| Инклузија на ученици со аутизам | Професионално усовршување | 19.03.2025 | Професионално усовршување на стручни соработници | РСЦ „Иднина“ – Ивана Василевска Петровска и Линдита Даци |
| Правото на инклузивно образование на децата со ПОП низ призмата на конвенцијата за правата на лицата со попреченост | Професионално усовршување | 23.05.2025 | Професионално усовршување на стручни соработници | Народен правобранител |

## 22.6. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА БИБЛИОТЕКАРОТ

Активностите на библиотеката во првото полугодие се одвиваа според годишната програма за работа на училишната библиотека.

Најпрво како стручен соработник заедно со педагогот Маја Ивановска на 26.08.2024г. бевме на Обука со наслов ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ. Во истиот период започна и дистрибуцијата на учебниците од Іво до ІХто одделение. На почетокот на месец Октомври исто така почна и дистрибуирањето на детските списанија РОСИЦА, ДРУГАРЧЕ И РАЗВИГОР од ПРОСВЕТНО ДЕЛО како и на списанијата за деца од АРС ЛАМИНА КЛИК за прво, второ, трето и четврто одд.

Во интервалот од 29.10. до 04.11.2024г поповод месецот на книгата со учениците од вторите и четвртите одделенија со одделенските раководители ја посетивме подрачната библиотека во ТЦ. Радишани СВ.НАУМ ОХРИДСКИ.

На 14.11.2024 заради истиот повод нашето училште го посети писателката Виолета Наумовска, пришто писателката промовираше нов наслов детска поезија и притоа учениците од 6то и 7мо одд. самите пишуваа писмени состави – поезија и дискутираа за новиот наслов на писателката. Посетата ја закажа колешката по Македонски јазик – Рада Гроздановска.

На 08.11.2024г ученици од 6то до 9то одд под менторство на колешката по Македонски јазик – Билјана Ристоска Стомнароска читаа свои творби за тоа ШТО Е КНИГАТА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ. Притоа беа избрани 3 најдобри изработки – состави и 3 ученици добија подарок книга од нашата библиотека. Инаку и овој настан беше организиран во рамките на месецот на книгата.

На 20.12.2024г под менторство на колешката по Македонски јазик – Билјана Ристоска Стомнароска ученици од предметна и одделенска настава имаа литературно читање по повод раѓањето на нашиот патрон АЦО ШОПОВ и на истото присуствуваше и неговата ќерка Г-ѓа Јасмина Шопова, која притоа изрази големо задоволсто од интерпретацијата на нашите ученици кои учествуваа во литературното читање.

Во текот на второто полугодие од оваа учебна година се продолжи со реализирање на активностите согласно годишната програма за работа на училишната библиотека.Со почетокот на второто полугодие продолжи редовната дистрибуција на детските списанија ДРУГАЧЕ и РОСИЦА од ПРОСВЕТНО ДЕЛО како и на детските списанија од АРС ЛАМИНА ПРВ ДЕТСКИ КЛИК и КЛИК.

На 24.04.2025г со група ученици од IX одд (8) го посетивме ДСУ ДИМИТАР ВЛАХОВ во Скопје каде нашите ученици се запозна со практичната работа во училиштето со образовните насоки во истото и можностите за брзо вработување, почнување сопствен бизнис на учениците по завршувањето на евентуалното школување во споменатото училиште.

На 25.04.2025г нашето училиште за првпат учествуваше на XXIV општински натпрвар МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ, а беше претставувано од ученичката И.В. од VIIIа одделение. На 05.05.2025 со ученици од V одд. и одделенските раководители го посетивме ООУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ – Љубанци по повод патронат на училиштето, пришто нашите ученици учествуваа во изведба на химната на Република Македонија. На 10.05.2025 заедно со колешката по Англиски јазик – Валентина Зотевска и ученици од VII и VIII одд. бевме на одбележување на денот на Европа во градскиот парк во Скопје, каде се оддржа квиз по Географија организиран од седиштето на ЕУ во Скопје на кој учествуваа и нашите ученици. На 12.05.2025 со учениците од V одд и оделенските раководители ја посетивме НУБ СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ во Скопје, каде учениците се запознаа со значењето на НУБ како чувар на македонската традиција, историја, писменост и култура воопшто. На 14.05.2025 со колешката по Македонски јазик – Билјана Ристоска Стомнароска и ученици од VI одд го посетивме саемот на книгата.

На 04.06.2025 заедно со колешката по Граѓанско образование и учениците од VII одд ја посетивме куќата на мајка Тереза каде учениците се запознаа со нејзиниот живот од најрана возраст, нејзиниот придонес и значењето на нејзините дела како космополитска личност, едиствената жена од просторите на Македонија од градот Скопје добитник на Нобеловата награда.

## 22.7. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Советот на родители при ООУ „Ацо Шопов“ – Скопје во учебната 2024/2025 година е под раководство на претседателот Гордана Николовска – Стојчевска. На состаноците покрај членовите на Советот на родители присуствуваа и: директорот Билјана Симоноска Антовска, психологот Андријана Зарева, педагогот Маја Ивановска како и други родители од училиштето.

Во текот на учебната 2024/2025 година беа одржани вкупно 8 (осум) редовни состаноци.

На следниот табеларен приказ се дадени само реализираните активности од годишната програма.

| Активности | Време на реализација | Учесници | Цели | Заклучоци |
|---|---|---|---|---|
| Конституирање на Советот на родители | Септември 2024 година | Претставници од секоја паралелка, Директор, педагог, психолог | Конституирање на Советот на родители и избор на претседател на советот, заменик претседател, записничар и благајник; Избор на членови на комисии и работни групи | За Претседател на советот беше избрана Гордана Николовска – Стојчевска, која што ја вршеше функцијата во претходната учебна година (2023/2024 година). За заменик – претседател беше избран Александар Величковски. За записничар беше избрана Гордана Младеновиќ Кметовиќ. За благајник беше избран Александар Гиговски. Беа формирани комисиите неопходни за непречено работење на Советот и училиштето |
| Еднодневна есенска екскурзија; мерки за спречување на вербално/физичко насилство; регулирање на сообраќајната сигнализација пред училиштето | Октомври 2024 година | Претставници од секоја паралелка, Директор, педагог, психолог | Подетално информирање за постапката за организирање на еднодневната екскурзија планирана да се реализира во Сарај, Правилник за постапување во | Родителите беа информирани за постапката за избор на место на одржување на екскурзијата и беше дадена насока за следната учебна година да се вклучи и Советот на родители со предлог место за реализирање на екскурзијата. Се даде објаснување на кој начин се постапува во случај на физичко/вербално насилство и дадени се предлози за одржување работилници за спречување на насилство со вклучување и на родителите, учениците и наставниците Комисијата за соработка со општината и другите |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | случај на насилство<br>Изготвување на Барање | институции да изготви Барање за изработка и поставување на бетонски или асфалтни лежечки полицајци пред училиштето<br>Информација за избор на туристичка агенција за спроведување на екскурзија<br>Одбележување на денот на борбата против гладта<br>Информација за започнување на проширувањето на училиштето |
| Еднодневна екскурзија во Сарај;<br>Посета на „Златно Славејче“;<br>Униформи и организирање на наставата за учениците од 1во одделение;<br>Дислокација на електронскиот отпад и проширување на паркинг просторот;<br>Новогодишен хепенинг | Ноември 2024 година | Претставници од секоја паралелка,<br>Директор, педагог, психолог | Реализиција на екскурзија;<br>Организирање присуство на музичкиот настан „Златно Славејче“, Кино Милениум во ГТЦ, Скопје.<br>План за одржување на наставата за учениците од прво одделение;<br>Дислокација на садот за електронскиот отпад;<br>Состанок на работната група за културно забавен живот на учениците во врска со Новогодишниот хепенинг | Родителите се информирани за реализираната екскурзија;<br>Објаснување за организацијата на музичкиот настан „Златно Славејче“;<br>Барање за дислокација на садот за електронскиот отпад;<br>Закажани состаноци на работната група задолжена за културно забавен живот<br>Директорката ги информираше родителите за униформите кои недостасуваат и планот за одржување на наставата за учениците од прво одделение |
| Анализа на успехот на учениците во првото тромесечје од учебната 2024/25 година;<br>Новогодишен хепенинг – распоред на одржување | Декември 2024 година | Претставници од секоја паралелка,<br>психолог | Одржување на Новогодишниот хепенинг;<br>Информација за списанието „Другарче“. | Предлозите од работната група се:<br>од 1-во до 5-то одделение да се организира Новогодишен базар на рачни изработки, а храната да биде застапена со купени производи;<br>за 8-мо и 9-то одделение е да се организира забава со DJ, а за 6-то и 7-мо одделение игри без граници.<br>Од страна на Претседателот на советот беше споделена |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и организирање на активностите. | | | | информација дека во договор со списанието „Другарче“ во Новогодишниот број.5 ќе бидат објавени активностите и настаните од Новогодишниот хепенинг што ќе се одржи во нашето училиште. |
| Полугодишен извештај за учебната 2024/2025 година;<br><br>Натпревари на учениците;<br><br>Барање до надлежните институции за обезбедување на проодност на тротоарите;<br><br>Иницијатива за промена на светилките во холот на училиштето. | Февруари 2025 година | Претставници од секоја паралелка, Директор, педагог | Полугодишен извештај (текстуален и статистички) за учебната 2024/2025 година<br><br>Натпревари на учениците (училишни, општински, регионални, државни, меѓународни);<br><br>Обезбедување на проодност на тротоарите во делот од мостот до вториот влез во Радишани<br><br>Промена на светилките во холот на училиштето | Презентиран полугодишниот извештај (текстуален и статистички) за учебната 2024/2025 година и споредбената анализа<br>Во март 2024 година МОН направило измена на Правилникот за организирање на натпреварите и додаден е дел дека општинските, регионалните и државните натпревари се доброволни и бесплатни што значи не треба да се собираат пари од родителите. Училиштето не добило допис од МОН за извршената измена. Доколку училиштето навремено било информирано, соодветно би се испланирале трошоците во буџетот за натпреварите. Оваа година првиот организиран натпревар е општинскиот по математика од Сојузот на математичари на Македонија, закажан за 31.01.2025 година за којшто котизацијата чинеше 600 денари по ученик за сите 3 фази во натпреварувањето без разлика дали ученикот ќе се квалификува за сите, за разлика од претходните години кога било по 200 денари за секоја фаза – општински, регионален и државен. Директорката извести дека СММ не испратило фактура до училиштето за да се уплатат средствата. Но, согласно Правилникот од МОН училиштето не би можело да изврши уплата. Имало и други предлози за уплаќање на средствата (преку донација, родител да ги уплати и слично) но сите тие биле неприфатливи за училиштето согласно правилникот на МОН.<br>Од страна на Комисијата за соработка со институции да се достави Барање до АСЕКО Македонија за донација на светилки за холот и Барање до Град Скопје за поставување на метални столбови за обезбедување на проодност на тротоарите во делот од мостот до вториот влез во Радишани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Надградба на објектот за целодневна настава;<br><br>Преместувањето на учениците од 4-г одделение;<br><br>Информација за динамиката на градежните работи на училиштето | Март 2025 година | Претставници од секоја паралелка, Директор | Надградба на објектот за целодневна настава;<br><br>Преместувањето на учениците од 4-г одделение;<br><br>Информација за динамиката на градежните работи на училиштето | Надградбата на училиштето била влезена во развојна програма на училиштето. Минатата година училиштето се обратило и до Општина Бутел за надградбата. По сите обезбедени документи била изработена проектна документација што била испратена до МОН. По забелешките од МОН бил поминат целиот процес за обезбедување на дозвола за градба. Сите документи се достапни во Секторот за урбанизам на Општина Бутел. Тендерот за надзор и изведба на надградбата го објавил МОН, а исто така и постапката ја спровел МОН.<br>Директорката одговори дека однапред се знаело дека ќе се изведува надградбата и дека од неа било побарано кога ќе започне изградбата одделенијата да се преместат. Точно е дека алтернативните решенија што се најдени за овој период од 3 месеци не се идеални, но тоа е единствен начин да се одржува наставата додека да заврши изведбата на надградбата.<br>Предлогот од претставникот од 4г одделение беше одделенијата да ротираат со училниците во тој период. Директорката одговори дека тоа не е возможно за тоа одделение затоа што во тоа одделение има ученик со физички хендикеп кое не може да се движи по скали. Таа училница била предвидена за 4г имајќи ја предвид близината и достапноста на тоалетите.<br>Во однос на безбедноста, темелите се завршени и затрупани. Предвидено е во наредниот период да се донесат и монтираат челичните столбови. Тие се доста габаритни и ќе треба да се донесе кран. Можно е во тој случај Влез 1 да биде затворен и ќе се користи Влез 3 заради безбедност на децата, за што дополнително ќе бидат информирани учениците, родителите и вработените во училиштето |
| Физички напади врз учениците од помалите одделенија;<br><br>Промена на светилките | Април 2025 година | Претставници од секоја паралелка, Директор, психолог | Врсничко насилство, пријавување;<br><br>Безбедност во | Во однос на врсничко насилство беше организирана работилница во ООУ „Климент Охридски“ во Бутел како дел од кампањата на „Макпетрол“ АД Скопје, „Крени глас против врсничко насилство“. Директорката извести дека на работилницата имало многу мала посетеност од родителите од ООУ „Ацо Шопов“, освен на дел од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| пред влезот на училиштето;<br><br>Влез во училишниот двор со домашни миленици;<br><br>Безбедност во сообраќајот на учениците и родителите во непосредна близина на самото училиште;<br><br>Велигденски хепенинг –предлози за организирање на активностите | | | сообраќајот во непосредна близина на самото училиште;<br>Велигденски хепенинг –организирање на активностите | родителите претставници во Советот на родителите.<br>Родителите на учениците во ООУ „Ацо Шопов“, Скопје, преку претставниците на Советот на родители, како и преку раководителите на паралелките беа навремено информирани за кампањата, но сепак имаше слаб одзив за истата. Стручната служба повторно извести дека врсничкото насилство треба да се пријави согласно Правилникот за да може да се постапува по истото.<br>Во однос на проверка на светилките за осветлување на училишниот двор Директорката извести дека редовно се прави обиколка и проверка на истите и утврдено е дека светилките се исправни. Предложи по состанокот, Комисија од неколку родители да направат обиколка и да пријават доколку некоја светилка не работи и ако навистина останала некоја светилка незабележана од службите досега, таа ќе биде заменета.<br>Апел за подигнување на свеста кај родителите што доаѓаат да си ги земаат учениците по завршувањето на наставата да не доаѓаат во придружба со домашните миленици кои ги привлекуваат кучињата скитници и на тој начин се прави непријатна и непредвидлива ситуација во однос на безбедноста.<br>За Велигденскиот хепенинг, предлогот беше секое одделение од 1- во до 5-то да изработи честитки со Велигденски мотиви и да се направат штандови со кутија за донации, под мотото “Ацо Шопов за Кочани“<br>Предлогот на наставниците по Физичко образование и воспитание во однос Велигденските активности за поголемите одделенија (од 6-то до 9-то одд.) е организирање на спортски натпревари по одбојка, кошарка и фудбал на 14, 15 и 16 април 2025 година |
| Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тримесечје во учебната 2024/2025 година; | Мај 2025 година | Претставници од секоја паралелка, Директор, педагог | Анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тримесечје во учебната | Презентирање на анализата на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тримесечје во учебната 2024/2025 година.<br>Писмено излагање до Советот од страна на предметен Наставник кој изрази несогласување во врска со начинот на постапување од страна на Советот со додавање на точка на Дневниот ред поврзан со нејзината работа како |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Писмено обраќање на предметен Наставник до Советот на родители | | | 2024/2025 година;<br><br>Писмено обраќање на предметен Наставник до Советот на родители | наставник по германски јазик.<br>Дополнително беше дадено известување дека ќе се одржи еднодневна екскурзија по цена од 215 денари и ќе се реализира во парк-шумата Гази Баба, а за датумот дополнително ќе се одлучи и извести.<br>Училиштето изготви благодарници за наставниците по Физичко образование за успешно организираните хуманитарните спортски активности за Велигден, како и до компаниите коишто го обезбедија и поставија осветлувањето во аулата. |

Забелешка: дополнително, до завршување на наставната 2024/2025 година предвидено е одржување на уште 2(два) состаноци на кои што треба да се усвојат и разгледуваат:

1. Годишниот извештај и годишната програма за работата на Советот на родители;
2. Извештај за реализирани екскурзии (еднодневна за 3 одд., настава во природа за 5 одд., дводневна за 6 одд., тридневна за 9 одд. и еднодневен излет за 1 – 9 одд.);
3. Годишен извештај за работата на училиштето (текстуален и статистички);
4. Анализа на успехот, поведението и редовноста на крајот на учебната година според пол и националност;
5. Запознавање со програмата за екскурзии за учебната 2025/2026;
6. Разгледување на годишна програма на училиштето за 2025/2026;

## 22.8. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

Наставничкиот совет како највисок стручен орган во училиштето водеше грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна дејност во училиштето. Во текот на учебната 2024/2025 година, одржани се 11 (единаесет) седници на кои се разгледани Полугодишниот извештај за работа на училиштето, организација и реализација на слободните ученички активности и училишните натпревари како и утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото тримесечие, првото полугодие, третото тримесечие и на крајот на учебната година. Истовремено на Наставнички совет разгледувани се разни статистички анализи, извештаи и информации од сите области на работење на училиштето и други точки кои се од важност за работата на институцијата.

| Време на реализација | Дневен ред | Заклучоци |
|---|---|---|
| 29.08.2024 г/ бр.270 | Распределба на часови за учебната 2024/25<br>Усвојување на распоред на часови за учебната 2024/25<br>Изготвување и предавање на годишни и тематски распределенија<br>Комисија за преглед на годишни планирања<br>Комисија за професионален развој<br>Изготвување на информатор за родители<br>Комисија за преглед на компјутерска опрема по училници<br>Почеток на учебната година и прием на првачиња<br>Тим за МИО<br>Инклузивен тим<br>Идеи и предлози во врска со реализацијата на воспитно – образовната програма | Изработен и доставен на увид распоред на часови за одделенска и предметна настава за учебната година 2024 / 25.<br>Едногласно усвоен распоред на часови за учебната година 2024 / 25<br>Дефиниран краен рок за изготвувањето и предавањето на годишните и тематски распределенија<br>Формирана комисија за преглед на годишни планирања.<br>Формирана комисија за професионален развој.<br>Именувани се одговорни лица за изработка на информаторот за родители и брошурата.<br>Формирана комисијата за прегледување на компјутерска опрема.<br>Почеток на учебната година и прием на првачиња започнува на 1 септември, односно 2 септември, со дефиниран распоред за одделенска настава и предметна настава, како и прием на првачиња.<br>Формиран тим за МИО и именувани членовите на истиот<br>Формиран инклузивен тим и именувани членови<br>Дефиниран термин за родителска средба за одделенска и предметна настава со насоки за водење на истата, дадени се насоки за поделба на книги и униформи, како и споделени се насоките од бирото за |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниот план и програма и материјали за учење, како и информацијата за проект за булинг „Како да се спречи насилството и сајбер малтретирањето во училиштата“. |
| 17.09.2024 г / бр.271 | Предлог член за комисија за екскурзии од редот на наставници<br>Предлог комисија за осигурување<br>Предлог комисија за фотографирање<br>Предлог комисија за самоевалуација 2024-2026<br>Предлог измени на закон за основно образование<br>Тековни прашања | Формирана комисија за екскурзии<br>Формирана комисија за осигурување<br>Формирана комисија за фотографирање<br>Формирана комисија за самоевалуација 2024 / 2026<br>Споделени предлог измените на законот за основно образование и дефиниран краен рок за достава на забелешки<br>Тековни прашања – информации за процесот за селекција и поддршка при избор на ученички правобранител |
| 14.10.2024 г / бр.272 | Мислење за приправник Адријана Зарева Кипровска<br>Известување за екскурзии<br>Запознавање со процесот за надградба на училиштето<br>Запознавање со процесот на поставување на фотоволтаици и спортски игралишта<br>Формирање стручен тим за поддршка на ученикот Марко Дрндаревски<br>Предлог изрекување на педагошка мерка укор за ученикот Никола Митрев<br>Договор за работа | Споделено мислењето на менторот психолог за приправничкиот стаж на стручниот соработник – приправник Адријана Зарева Кипровска.<br>Извештај од Комисијата за спроведена постапка за екскурзии.<br>Запознаени се со процесот за надградба на училиштето каде интензивните градежни работи ќе се реализираат во текот на второто полугодие.<br>Споделени информации за две реконструкции на фудбалскиот и тенискиот терен на училиштето и за веќе поставените фотоволтаици.<br>Формиран е стручен тим за поддршка на ученик за изрчена усна опомена во состав од психолог, педагог и одделенски раководител.<br>Предлог и усвојување на педагошка мерка укор на ученик и формиран стручен тим за поддршка во состав од психолог, педагог и одделенски раководител.<br>Договор за работа – дефинирани се потточки како сервисирање на комјутерска опрема, реализација на вонваставни активности, евиденција на работно време, правила за однесување во училиште.<br>Тековни прашања – активности за одбележување на денот на храната 16 октомври, како и собирање спакувана храна која ќе биде подделена на социјално ранливи семејства по повод недела на борба против гладта. |
| 05.11.2024 г / бр.273 | Утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците за првото тримесечје од учебната 2024/25 | Во првата и втората точка од дневниот ред се реферираше за успехот, поведението и редовноста на учениците за првото тримесечје од учебната 2024/25 и за реализацијата на наставниот |

| | | |
|---|---|---|
| | Договор за родителски средби<br>Извештај од есенски еднодневен<br>Избор на член на УО од редот на наставниците<br>Процедура при појава на пушење, конзумирање алкохол и наркотични супстанци<br>Тековни прашања | план и програма преку читање на записникот бр.150 од Одделенски совет на предметна настава и Записникот бр.117 од Одделенски совет на одделенска настава. Присутните без забелешки, едногласно ги усвоија записниците.<br>Беа дефинирани термини за родителска средба за предметна и одделенска настава<br>Презентиран извештајот од еднодневниот воспитно-образовен и спортско – рекреативен есенски излет реализиран во Сарај.<br>Избран член на УО од редеот на наставниците<br>Изработена и споделена процедура при појава на пушење, конзумирање алкохол и наркотични супстанци од тимот клима и стручните соработници.<br>Под тековни прашања – информации за оддржување на златно славејче, за поднесен проект за грант преку МОН кој е дел од развојна програма. |
| 12.12.2024_г / бр.274 | Анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците за првото тримесечје од учебната 2024/25<br>Извештај од посета на часови<br>Извештај од преглед на е – дневници<br>Информација од Совет на родители за активности во нареден период<br>- Хепенинг<br>- Игри без граници<br>- Забава<br>Договор за Полугодишен извештај<br>Информација за правилник за дисциплинска постапка<br>Предлог за изрекување на педагошки мерки<br>Тековни прашања | Членовите беа информирани за резултатите од изврпената анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците за првото тримесечје од учебната 2024/25<br>Посетени 21 час, од кои во предметна настава се 10 часови и 11 во одделенска настава. Наставниците имаат дневна подготовка / сценарио кое одговара со тековната содржина.<br>Известени одделенските раководители за евентуални потребни дополнувања или корекции на е – дневникот<br>Споделена информација и дефинирани термини за новогодишните активности: хепенинг, игри без граници и забава<br>Споделени одговорности и тимови за прибирање на податоци и информации за сработеното во прво полугодие<br>Изработен и споделен правилник за дисциплинска<br>Предложени и усвоени педагошки мерки на ученици и формирани стручни тимови за поддршка во состав од психолог, педагог и одделенски раководител.<br>Информации за литературно читање по повод раѓањето на Ацо Шопов, да се започне со предновогодишно украсување на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| 15.1.2025_г / бр.275 | Утврдување на успехот, поведението и редовноста на учениците за првото полугодие од учебната 2024/2025<br>Реализација на наставен план и програма<br>Договор за родителска средба<br>Тековни прашања | Во првата и втората точка од дневниот ред се реферираше за успехот, поведението и редовноста на учениците за првото полугодие од учебната 2024/25 и за реализацијата на наставниот план и програма преку читање на записникот бр.151 од Одделенски совет на предметна настава и Записникот бр.118 од Одделенски совет на одделенска настава. Присутните без забелешки, едногласно ги усвоија записниците.<br>Беа дефинирани термини за родителска средба за предметна и одделенска настава<br>Под тековни прашања – информација за изменување и дополнување на законот за основно образование и наставните програми за VII одделение за учебната 2025/2026 година. |
| 29.01.2025г / бр.276 | Усвојување на полугодишен извештај (текстуален и статистички) за учебната 2024/2025<br>Споредбена анализа по пол, националност, успех, поведение и редовноста на учениците за првото полугодие од учебната 2024/2025<br>Формирање на комисија за денот на училиштето<br>Тековни прашања | Едногласно усвоени полугодишните текстуални и статистички извештаи за учебната 2024/2025.<br>Членовите беа информирани за резултатите од споредбена анализа по пол, националност, успех, поведение и редовност на учениците за првото полугодие од учебната 2024/25.<br>Формирана комисија за денот на училиштето<br>Тековни прашања – информација за аплицирање за Е twinning училиште, како и предлог и изрекување на педагошки мерки на ученици. |
| 8.4.2025_г / бр.277 | Утврдување на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тримесечје во учебната 2024/2025<br>Реализација на наставен план и програма<br>Договор за одржување на родителски средби<br>Извештај од посетени часови<br>Договор за велигденски хепениг, забава и спортски активности<br>Предлог за формирање комисија за упис на првачиња<br>Предлог за формирање на комисија за запишување на ученици со надмината возраст, а не се вклучени во наставата | Едногласно усвоени записниците за успехот, поведението и редовноста на учениците и реализацијата на наставниот план и програма во третото тримесечје од учебната 2024/2025<br>Дефиниран термин за оддржување на родителски средби за предметна и одделенска настава<br>Посетени се вкупно 27 редовни часови, од кои 13 во предметна и 14 во одделенска настава. Сите наставници наставата ја реализирале согласно претходно подготвени дневни планирања / сценарија како предуслов за успешна реализација на истиот.<br>Дефинирани активностите по повод Велигден, каде за учениците од 1 до 5 одделение ќе се организира хуманитарен хепенинг, а за сите ученици од предметна настава ќе се организираат хуманитарни спортски натпревари. Средствата собрани од хуманитарниот хепенинг |

| | | |
|---|---|---|
| | Предлог за формирање на комисија за одложување на следење на наставата на ученици<br>Предлог за формирање на комисија за прием и распределба на учебници<br>Договор за патрониот празник на училиштето<br>Активности за МИО<br>Педагошки мерки за ученици<br>Информација и насоки за професионална ориентација за ученици<br>Тековни прашања | и спортските игри ќе бидат донирани на погодените од трагедијата во Кочани.<br>Формирана Комисија за упис на првачиња<br>Формирана Комисија за запишување на ученици со надмината возраст, кои не се вклучени во наставата<br>Формирана Комисија за одложување на следење на наставата на ученици<br>Формирана Комисија за прием и распределба на учебници<br>Дефиниран термин за одбележување на патрониот празник на училиштето под мотото „Учам, создавам, успевам“ и споделени одговорностите на наставниците.<br>Споделена информација за активности од  Проектот за јакнење на мултикултурализмот и меѓуетничата интеграција и толеранција во образованието. Партнер училиште за реализација на МИО активностите е ООУ „Панајод Гиновски“ општина Бутел.<br>Предложени и едногласно усвоени педагошки мерки за ученици и формирани тимови за поддршка во состав од одделенските раководители, педагогот и психологот.<br>Да се реализираат активностите од годишната програма за професионална ориентација со цел да им се помогне на учениците да го продолжат образованието.<br>Тековни прашања – информација за кастинг во нашето училиште од филмската и видео продукција КИНО ОКО дооел Скопје,  родителски согласности при секое напуштање на училиштето од страна на учениците, добиена е ознака за е – twinnig училиште, именуван ментор на наставник – приправник од ООУ „Панајот Гиновски“, ажурирани се безбедносните планови како и членовите на штабовите за заштита и спасување во училиштето. |
| 8.4.2025_г / бр.278 | Анализа на успехот, поведението и редовноста за трето тримесечје од учебната 2024/25<br>Комисија за првенец на генерација и истакнати ученици по одделенија<br>Извештај од настава во природа<br>Извештај од тридневна екскурзија за 9 одд.<br>Тековни прашања | Членовите беа информирани за резултатите од извршената анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тримесечје од учебната 2024/25<br>Формирана Комисија за избор на првенец на генерација и истакнати ученици по одделенија<br>Презентиран извештај од спроведената настава во природа за учениците од петто одделение<br>Презентиран извештај од спроведената тридневна наставно-научна |

| | | |
|---|---|---|
| | | екскурзија за 9 одд<br>Тековни прашања – споделена информација за примена на измените од законската легислатива за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници, како и објава на интерен оглас за избор на наставници за учество на обука од Ерасмус проект. |
| 10.6.2025_г / бр.279 | Утврдување на успех, поведение и редовноста на учениците од 9одд во учебната 2024/2025<br>Реализација на наставен план и програма<br>Договор за родителска средба<br>Формирање на комисија за прегледување на педагошка документација за 9 одд<br>Извештај за спроведени екскурзии (дводневна за 6то одд., еднодневна научна за 3то одд., еднодневна за 1 – 9 одд.)<br>Извештај за истакнати ученици за 5, 6, 7 и 8 одд, како и за првенец на генерација<br>Извештај од увид на училиштето од страна на советници од БРО<br>Анализа од анкети за втор изборен задолжителен странски јазик за учебната 2025/26<br>Предлог за изборни предмети кои ќе се понудат за 9то одд. и слободни изборни предмети во 4, 5, 6, 7 и 8мо одд за учебната 2025/26<br>Насоки за Годишен извештај за учебната 2024/25<br>Комиисија за изготвување на Годишен извештај за учебната 2024/25<br>Тековни прашања | Едногласно усвоен записникот за успехот, поведението и редовноста на учениците и реализацијата на наставниот план и програма за учениците од 9 одд., во учебната 2024/2025. Изгласано повлекување на претходно изречените педагошки мерки на учениците од 9 одд.<br>Дефиниран датум и време за оддржување родителска средба за 9 одд.<br>Формирана Комисија за прегледување на педагошката документација за 9 одд.<br>Презентирани извештаи од спроведени екскурзии (дводневна за 6 одд., еднодневна научна за 3 одд., еднодневна за 1 – 9 одд.)<br>Презентиран извештајот за истакнати ученици од 5 до 8 одд., и првенец на генерација од 9 одд.<br>Презентиран извештајот за увид на училиште од страна на советници во БРО и споделени позитивни повратните информации за сите наставници кои биле посетени на час од страна на советниците.<br>Споделени резултати од анализата од снкетите за втор изборен задолжителен странски јазик за учебната 2025/26<br>Презентирани предлог изборни предмети за учебната 2025/26 за ученици од 9 одд и слободни изборни предмети за 4, 5, 6, 7 и 8 одделение.<br>Споделени насоки со одговорности за изготвување на годишниот извештај за учебната 2024-25 и дефиниран термин за повратни информации.<br>Формирана комисија за изготвување на годишен извештај за учебната 2024-2025.<br>Тековни прашаања – дефиниран терминот за доделување свидетелства и споделена информација за одржување церемонија за првенците на генерација и истакнатите ученици на ниво на општина Бутел. |

| | | |
|---|---|---|
| 17.6.2025_г / бр.280 | Утврдување на успех, поведение и редовноста на учениците од 1 – 8 одд во учебната 2024/2025 год.<br>Реализација на наставен план и програма<br>Повлекување на педагошки мерки<br>Договор за родителска средба<br>Поделба на сведителства и додаток на сведителство за учебната 2024/25<br>Формирање на комисија за прегледување на педагошка документација за 1 – 8 одд<br>Комисија за уништување на медицински белешки<br>Анализа од анкетите за задолжителни изборни предмети за 9то одд и за слободни изборни предмети во 4, 5, 6, 7 и 8мо одд.<br>Формирање комисија за полагање на одделенски испит за Џемаил Веселовиќ од 7в одд<br>Насоки за изработка на Годишна програма за учебната 2025/26<br>Комисија за изработка на Годишна програма за учебната 2025/26<br>Стручен тим за екскурзии и раководители за учебната 2025/26<br>Тековни прашања | Во првата и втората точка од дневниот ред се реферираше за успехот, поведението и редовноста на учениците од 1 до 8 одд. во учебната 2024/25 и за реализацијата на наставниот план и програма преку читање на записникот бр.154 од Одделенски совет на предметна настава и Записникот бр.120 од Одделенски совет на одделенска настава. Присутните без забелешки, едногласно ги усвоија записниците.<br>Изгласано повлекување на претходно изречените педагошки мерки на учениците од 6то до 8мо одд.<br>Дефиниран термин за оддржување на родителски средби за предметна и одделенска настава<br>Дефиниран терминот за поделба на свидетелства и додаток на свидетелства за учебната 2024/25<br>Формирана комисија за прегледување на педагошка документација за 1-8 одд<br>Формирана комисија за уништување на медицински белешки<br>Презентирани резултатите од анкетите за задолжителни изборни предмети за 9то одд и за слободни изборни предмети во 4, 5, 6, 7 и 8мо одд.<br>Формирана комисија за полагање на одделенски испит за Џемаил Веселовиќ од 7в одд<br>Споделени насоки со одговорности за изработка на годишна програма на училиште во 2025/26<br>Формирана комисија за изработка на Годишна програма за учебната 2025/26<br>Формиран Стручен тим за екскурзии и раководители за учебната 2025/26<br>Тековни прашања – насоки за пополнување на личниот план за професионален развој и професионалното досие, споделени информации за избор на наставници за учество на Ерасмус обука |

## 22.9. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРУЧЕН АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА

Основна цел на стручниот актив е унапредување на воспитно-образовниот процес, перманентна грижа за стручно усовршување на наставниот кадар и грижа за напредокот на учениците.

Активностите кои ги презема активот во оваа учебна година произлегоа од зацртаните приоритети на ниво на училиште, и тоа:

- Мотивирање на учениците за рамноправна вклученост во воннаставните активности според пол, етничка припадност и деца со посебни потреби;
- Континуирани обуки на наставниците за успешна реализација на наставата во согласност со новитетите во образованието;
- Афирмирање на училиштето преку промовирање на знаењата и вештините на учениците;

Согласно годишната програма на стручен актив на одделенска настава и целите и задачите од годишната програма реализирани се во целост планираните активности за учебната 2024/25 година.

Следи преглед на активности по месеци.

| Активности | Организатори / реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|
| Изготвување на предлог програма за работа на активот за 2024/25<br>-план за дежурства на наставниците<br>-договор за промена на училници<br>-договор за изготвување на годишни програми<br>-договор за СУА и СИП | Актив на одделенска настава | 4.7.2024 / училиште |
| Организирана приредба по повод приемот на првачињата | Одговорни наставници | 2.09.2024 / училиште |
| Реализирана активност по повод приемот на првачињата во Детска организација | Одд. наставник<br>Валентина Јоцевска<br>Одд. наставник<br>Марија Анѓелова<br>Одговорни наставници | 10.10.2024 / училиште |
| Оддржан е отворен час во 5а одд. по историја и општество | Одд. наставник<br>Златка Давиткова | 14.11.2024 / училиште |
| Посета на Детскиот фестивал „Златно славејче“ | Одговорни наставници | 15.11.2024 / кино Милениум |
| Обука Е – твининг | Одговорен наставник Александра Ѓорѓиевска | 5.12.2024 / училиште |

| | | |
|---|---|---|
| Обука на тема „Користење на ИТ алатки за систематизација на знаењата“ (користење на online платформата interact) | Наставник ментор – Весна Јакимовска | 17.12.2024 / училиште |
| Реализирана е долгорочна самостојна МИО активност со ученици од различна етичка припадност<br>- творење на темите<br>„Различни, а сепак слични“<br>„Традицијата во нашата татковина“ | Одговорен наставник<br>Силвана Ѓуровска | Ноември – декември 2024<br>училиште |
| Оддржан е Новогодишен базар | Одговорни наставници,<br>Совет на родители<br>Директор | 16.12.2024 / училиште |
| Новогодишна приредба и забава за учениците | Одговорни наставници<br>Директор | 23.12.2024 / училиште |
| Перманентно следење и анализа на успехот и поведението на учениците | сите наставници | ноември, декември |
| Оддржан е отворен час во 1в одд. по математика | Одд. наставник<br>Татјана Јовевска | 10.02.2025/ училиште |
| Оддржан е отвореч час во 4г одд. по природни науки | Одд. наставник<br>Елена Јешиќ | 27.03.2025/<br>училиште |
| Перманентно следење  и анализа на успехот и поведението на учениците | сите наставници | април |
| Одбележување на Светскиот ден на здравјето – предавање од биолошката секција | Одговорни наставници | 7 април/ училиште |
| Оддржан е Велигденски  базар<br>- продажна изложба на велиденски честитки со цел донирање парични средства за помош на настраданите во Кочани | Одговорни наставници,<br>Совет на родители<br>Директор | 14 април/ училиште |
| Одбележување на 22 април – Ден на планетата Земја – приредба, изложба и модна ревија | Одговорни наставници | 22 април/ училиште |
| Одбележување на Денот на училиштето  под мотото „Учам, создавам, успевам“ | Одговорни наставници<br>директор | 28 април/ училиште |

| | | |
|---|---|---|
| Реализација на настава во природа | Одговорни наставници<br>5то одд. | 22.04 – 25.04. 2025 |
| Завршна МИО активност по добиен гранд од МОН | Одговорен наставник Силвана Ѓуровска во корелација со други наставници од ООУ „Ацо Шопов“ и наставници од партнер училиштето „Панајот Гиновски“ | 30.05.2025 |
| Реализација на научна екскурзија Лешок и Вруток – посета на верски објекти | Одговорни наставници<br>3то одд. | 2 јуни 2025 |
| Стручно предавање „Влијанието на индивидуализацијата во наставата според стилот на учење на учениците“ | Одговорен наставник<br>Ирена Трајковска | 3 јуни 2025 |

Програмата на активот на одделенска настава е во целост реализирана. Сите наставници активно учествуваа во наставните и воннаствните активности и со своето залагање, меѓусебно помагање и координираност на работата, допринесоа сите активности да бидат реализирани на време и на највисоко ниво. Секако со постојана соработка и несебична помош и насоченост од страна на директорот и стручната служба.

## 22.10. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ  АКТИВОТ НА ХУМАНИТАРНАТА ГРУПА ПРЕДМЕТИ

Согласно годишната програма за работата на стручниот актив во текот на учебната 2024 / 2025 год. беа предвидени повеќе активности со што воедно се постигнаа и главните цели предвидени за првото полугодие, како:

- Афирмирање на училиштето преку промовирање на знаењата и вештините на учениците .
- Мотивирање на учениците за рамноправна вклученост во вонnаставните активности според пол, етничка припадност и деца со посебни потреби.
- Континуирани обуки на наставниците за успешна реализација на наставата во согласност со новитетите во образованието.

И оваа година во дел од работата на активот беа вклучени активности за МИО.
Од предвидените активности во текот на првото полугодие беа реализирани следниве:

| Активност | Време на реализација | Реализатори/учесници | Место на реализација | Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување и усвојување предлог програма за работа на активот од хуманитарна група предмети | 06.09.2024 | Предметните наставници од хуманитарната група предмети, директор, психолог и педагог | училиште | Усвојување на програма |
| Реализација на практичен час по англиски јазик: „Halloween“<br>Наставник: Александра Ѓорѓиевска | 31.10.2024 | Практичниот час го следеа сите наставници – членови на активот, директор, психолог и педагог. | Училиште - училница | Размена на искуства, унапредување на образовниот процес |
| Реализација на предавање: „Штетни влијанија од пушење, алкохол и наркотични средства“ – наставник Марија Димовска | 16.12.2024 | Предавањето  го следеа сите наставници – членови на активот, директор, психолог и педагог. | училница | Размена на искуства, унапредување на образовниот процес |
| Реализација на отворен час: „Гимнастичко одење, потскоци, скокови“  - наставник Јане Карајованов | 27.12.2024 | Отворениот час го следеа сите наставници – членови на активот, директор, психолог и педагог. | Фискултурна сала | Размена на искуства, унапредување на образовниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | процес |
| Реализација на предавање: „Унапредување на систем за превенција и справување со насилство во училиште“ – наставник Дарко Костенцов | 30.04.2025 | Отворениот час го следеа сите наставници – членови на активот, директор, психолог и педагог. | училница | Размена на искуства, унапредување на образовниот процес |
| Реализација на предавање: „Осовременување на наставните и воннаставните активности“ – наставник Даниела Е.Стојановска | 26.05.2025 | Отворениот час го следеа сите наставници – членови на активот, директор, психолог и педагог. | училница | Размена на искуства, унапредување на образовниот процес |
| Реализација на отворен час: „Музичка писменост и изведбени активности“ – наставник Димитар Димитров | 02.06.2025 | Отворениот час го следеа сите наставници – членови на активот, директор, психолог и педагог. | училница | Размена на искуства, унапредување на образовниот процес |
